# РЕЗУЛТАТИ ОД ГОДИШНИОТ МОНИТОРИНГ ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕГА
www.sega.org.mk

Април 2013

Овој извештај е подготвен со финансиска и техничка поддршка од Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) и Детската Фондација Песталоци. Ставовите изразени во оваа публикација се на авторите и нужно не ги рефлектираат ставовите и политиките на Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) и Детската Фондација Песталоци.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.231.14-053.2:005.584.1(497.7)"2011/12"

МАРКОВСКА Спасеноска, Елизабета
Резултати од годишниот мониторинг врз спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија / [автори Елизабета Марковска Спасеноска, Марија Нашковска]. - Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА, 2013. - 80 стр. : табели ; 21 см

Публикацијата е во рамките на проектот: "Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија". - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4631-06-4
1. Нашковска, Марија [автор]. - I. Спасеноска, Елизабета Марковска види Марковска Спасеноска, Елизабета
а) Конвенција за правата на детето - Имплементација - Мониторинг - Македонија - 2011-2012
COBISS.MK-ID 94073354

Pestalozzi Children's Foundation

unicef

ПРОЕКТ „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

# РЕЗУЛТАТИ ОД ГОДИШНИОТ МОНИТОРИНГ ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Април 2013

Наслов на публикацијата:

РЕЗУЛТАТИ ОД ГОДИШНИОТ МОНИТОРИНГ ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Автори:
М-р Елизабета Марковска Спасеноска
М-р Марија Нашоковска

Издавач на публикацијата:
Коалиција на младински организации СЕГА, април 2013;
Извршен Директор: Зоран Илиески

Дизајн и техничка подготовка:
Даниел Иваноски

# СОДРЖИНА:


1. ВОВЕД.......... 4
2. РЕЗИМЕ НА НАОДИТЕ.......... 6
3. МОНИТОРИНГ СЕГМЕНТИ И СТРУКТУРА НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИРАЊЕ.......... 11
    3.1. МОНИТОРИНГ СЕГМЕНТИ И СТРУКТУРА СПОРЕД СИСТЕМОТ РАЗВИЕН СО ПОДДРШКА НА ДЕТСКАТА ФОНДАЦИЈА ПЕСТАЛОЦИ (2011 - 2012 ГОДИНА).......... 11
    3.2. МОНИТОРИНГ СЕГМЕНТИ И СТРУКТУРА СПОРЕД СИСТЕМОТ РАЗВИЕН СО ПОДДРШКА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА УНИЦЕФ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА 2013.......... 12
4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ.......... 14
5. ПРЕГЛЕД НА ДОБИЕНИТЕ НАОДИ СПОРЕД ЧЛЕНОВИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА 12, 13, 14 и 15 И ПРЕПОРАКИТЕ ОД КОМИТЕТОТ т.е. ПАРАГРАФИТЕ 10, 11, 30 и 31.......... 16
    5.1. ЧЛЕН 12.......... 16
    5.2. ЧЛЕН 13.......... 28
    5.3. ЧЛЕН 14.......... 32
    5.4. ЧЛЕН 15.......... 35
6. ПРЕГЛЕД НА ДОБИЕНИТЕ НАОДИ СПОРЕД ЧЛЕНОВИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА 2, 3, 4, 27, 28 И ПРЕПОРАКИТЕ ОД КОМИТЕТОТ т.е. ПАРАГРАФИТЕ 8, 9, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 63, 64, 65, 66, 79 И 80.......... 39
    6.1. ЧЛЕН 2.......... 39
    6.2. ЧЛЕН 3.......... 43
    6.3. ЧЛЕН 4.......... 46
    6.4. ЧЛЕН 27.......... 48
    6.5. ЧЛЕН 28.......... 53
    6.6. ЧЛЕН 29.......... 57
    6.7. ЧЛЕН 30.......... 63
    6.8. ЧЛЕН 42.......... 65
7. ПРЕПОРАКИ.......... 66
8. ПРИЛОЗИ.......... 69
9. ЗА КОАЛИЦИЈА СЕГА.......... 80

# 1. Вовед

Овој извештај е дел од проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија“ кој го спроведува Коалицијата на младински организации СЕГА со поддршка на Детската Фондација Песталоци од Троген, Швајцарија и канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија. Целта на овој извештај е да даде приказ за состојбата со регулирањето и почитувањето на правото на учество на децата во донесувањето одлуки, спроведувањето на правото на здружување, правото на образование и еднаков пристап, како на национално ниво така и во 14–те градови[1] и 15 рурални места[2] кои се вклучени во мониторингот.

Во споредба со претходниот финален извештај кој го опфати периодот на 2011 година, и беше пред се фокусиран на мониторинг на специфични членови од Конвенцијата кои се однесуваат на правото на учество на децата во донесувањето одлуки, во овој извештај се вклучени и податоци од мониторингот на членовите кои се однесуваат на спроведување на општите одредби од Конвенцијата, недискриминација, правото на образование и еднаков пристап. Во текот на 2012 година беа спроведени две прибирања на податоци, во март и во октомври, додека за потребите на новите членови кои се мониторираат собирањето на податоците беше спроведено во февруари – март 2013 година, со осврт на податоци од 2011 - 2012 година.

Прибирањето на податоците се вршеше според подготвениот систем за мониторинг и евалуација кој вклучува дефиниран сет индикатори за селектираните членови и препораки, како и сет инструменти врз основа на кои се овозможува полесно прибирање на податоците на локално и национално ниво. Прибраните податоци од мониторингот во 2012 година по однос на правото на учество исто така се презентирани во два периодични мониторинг извештаи.

Појдовната основа која е користена при овој извештај се податоците кои се прибирани од Коалиција СЕГА преку серијата истражувања претходно спроведени во основните и средните училишта во Македонија, како и преку истражувањата спроведени за време на подготовката на Алтернативниот извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија. Исто така за оние индикатори за кои претходно преку наведените истражувања не се прибирани податоци, добиените податоци во мониторингот во 2011 година служат како појдовна основа и ќе се користат за споредба во следните мониторинг периоди. По однос на спроведување на правото на образование и еднаков пристап како појдовна основа ќе се користат и податоците прибирани преку претходни истражувања на Коалиција СЕГА, меѓутоа и овие податоци кои се прибираа во периодот февруари - март 2013, ќе послужат како база за понатамошна споредба.

1 Градови: Скопје, Куманово, Тетово, Дебар, Гостивар, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Виница, Штип, Струмица и Гевгелија

2 Рурални места: Сопиште, Арачиново. Илинден, Табановце, Мала Речица, Жупа, Ростуше, Дебарца, Вевчани, Кривогаштани, Жван, Росоман, Карбинци, Блатец, Миравци

Овој извештај покрај што има за цел да даде информации за спроведување на мониторираните членови и за спроведување на препораките на Комитетот, треба да послужи и како алатка за застапување со цел спроведување на правото на учество на децата во донесувањето одлуки во училиштата, обезбедување на подобро образование и еднаков пристап за сите деца.

# 2. Резиме на наодите

И во 2012 во споредба со наодите од 2011 година, може да се констатира ниско ниво на учество на децата во донесувањето одлуки во сите локални и национални институции. Нема никакви промени и унапредувања во националното законодавство, посебно во сферата на образованието и локалната самоуправа, со што би се овозможило законско регулирање на учеството во донесувањето одлуки и институционализација на формите преку кои децата може да си обезбедат учество. Во овој контекст треба да се напомене дека според мониторингот и контактите со граѓанските организации, не се евидентирани никакви иницијативи ниту од државата ниту пак од граѓанските организации за унапредување на регулативата. Иако досега повеќе пати е потенцирана потребата од дополнување на законските рамки и понатаму овие иницијативи изостануваат.

Како резултат на интервенциите на Коалиција СЕГА на ниво на средни и основни училишта опфатени со мониторингот може да се заклучи дека има позначаен напредок по однос на регулирањето на правото на учество на децата во донесувањето одлуки во училишните акти. 47% од вкупно 62 училишта вклучени во мониторингот го регулирале правото на учество во нивните акти, пред се во подстатутарните акти, како на пример Кодекси, Правилници и Програми. Сеуште е присутен трендот на општо регулирање на правата и обврските на децата, па во тој контекст и регулирање на правото на учество. Ова подразбира дека детските права пред сé се спомнуваат формално во училишните документи и програми без да се обрне внимание на применливоста во пракса и начините на нивно почитување и реализација.

Кај локалните самоуправи нема никаков напредок во поглед на регулирањето на правото на учество на децата во донесувањето одлуки. Треба да се напомене дека и во оние општини во кои има воспоставени некакви механизми за учество или пак форми преку кои децата учествуваат во донесувањето одлуки, сепак заради ограничените средства наменети за реализација на програмите и плановите за спроведување на детските права, голем дел од овие механизми и тела остануваат нефункционални и неодржливи.

Останува истата состојба во поглед на учество на претставниците на институциите кои треба да работат на спроведување на првото на учество. Најголем дел од нив и понатаму се вклучени во активности за промоција и заштита на детските права, но при тоа треба да се нагласи дека ретко кои од нив учествувале специфично во активности за промоција и заштита на правото на учество на децата во донесувањето одлуки. Најактивни по однос на учество на семинари, обуки и активности за детски права воопшто се претставниците на училиштата и Народниот правобранител.

Националната комисија за заштита на правата на детето, Парламентарната комисија за образование, наука, култура и спорт и Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи и понатаму не ги вклучуваат децата директно во донесувањето одлуки ниту пак имале некои позначајни активности поврзани со детските права. Националната комисија за заштита на правата на детето иако отпочна процес на подготовка на нов Акционен план за правата на детето и отвори постапка за проширување на членството со нови граѓански организации, може да се констатира стагнација на овие процеси.

На локално ниво, училиштата во најголем дел се служат со неформални механизми преку кои го добиваат мислењето на децата при донесување на некои одлуки. Во тие механизми спаѓаат неформални разговори и можности за средби со директорите, наставниците и педагошко – психолошката служба. Во училиштата се пофункционални стануваат класните и училишните заедници, при што треба да се истакне дека во оние училишта во кои Коалиција СЕГА презеде активности за воспоставување и функционалност на овие форми, активноста е евидентна и тоа го потенцираат и учениците и наставниците. Децата и понатаму остануваат вклучени во понезначајни одлуки, но битно е да се истакне дека училиштата вложуваат напори за регуларно консултирање на децата и примена на ова право. Во поглед на механизмите за учество на децата преку Локалната самоуправа може да се истакне дека нема промени во однос на состојбата констатирана претходно. И понатаму скоро сите општини немаат формални механизми за вклучување на децата.

На локално ниво се издаваат вкупно 43 списанија за деца и млади кои претежно се издаваат од страна на училишта со сопствена поддршка или пак поддршка од спонзорства и од продажба на списанијата. Во списанијата и натаму доминираат информативни и културно-забавни содржини. И понатаму останува проблемот на мал тираж и фреквенција на издавање на списанијата. По однос на електронските медиуми во 2012 година во 9 општини има 36 медиуми кои емитуваат програма за деца, при што најголем дел од тие програми се преземени од други медиуми и само се реплицираат. Регистрирани се вкупно 21 случај на прекршување на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој во текот на цела 2012 година и констатирано е дека Советот за радиодифузија постапува согласно Правилникот во санкционирањето на оние медиуми кои ги прекршиле правилата.

Состојбата по однос на избор на предметите од областа на религијата и вероисповедта останува многу слична како и претходно. Основните училишта нудат на избор три предмети во 6-то одделение и тоа Етика на религии, Класична култура на европската цивилизација и Историја на религиите, при што правото на избор е споделено помеѓу ученикот и родителот. При спроведувањето на ова право училиштата применуваат извесни ограничувања како на пример минимален број на ученици за да се спроведува настава по одреден предмет, или пак назначуваат наставници од постоечкиот кадар кои ги предаваат предметите заради недостатокот на финансии за ангажирање на кадар со специфична стручна подготовка од оваа област.

Во 62 училишта опфатени со мониторингот постојат 65 детски и младински организации. Во овој извештај за прв пат констатирано е дека и во Струга се воспоставени детски и младински организации во училиштата и тоа во едно средно и во едно основно училиште. Најголем дел од училишните организации не членуваат во чадор организации на национално ниво. Исклучок од ова се младинските организации од средните стручни училишта, детските парламенти и подмладоците на црвен крст. На национално ниво има 3 чадор организации кои ги обединуваат младите и тоа Средношколската унија, Унијата на средношколци на Македонија и МАССУМ.

Во поглед на дискриминацијата на децата постојат одредени механизми за превенција и пријава на дискриминација воопшто, па и на дискриминација на децата. Нема посебни одредби во националното законодавство со кои се уредува дискриминацијата на децата во Законот за заштита од дискриминација. Националната комисија за заштита од дискриминација и Народниот правобранител бележат пријавени случаи на дискриминација на деца пред се во областа на образованието и здравството. Кај Народниот правобранител забележани се 2 постапки кои се успешно решени, додека кај Комисијата забележани се 6 претставки од кои 2 се успешно решени, а 4 се во тек. Од контактираните 80 училишта, 43 имаат одредби за превенција од дискриминација, при што 11 училишта од руралните места имаат вакви одредби во своите кодекси, правилници или статути. Значително помал број училишта, само 15 имаат пишани процедури како да се справат со дискриминацијата. Од овие 15 училишта, две се од рурални места. Ова укажува на фактот дека превенцијата од дискриминација формално се внесува како одредба, но речиси и да нема пишани правила како се постапува во случај на дискриминација на дете.

Врз основа на податоците до кои успеа да дојде Коалиција СЕГА во овој мониторинг период, најдобриот интерес на детето експлицитно е потенциран и понатаму само во Законот за малолетничка правда, а останува да се направи детална анализа на подзаконските акти од оваа сфера со цел да се види како тој интерес е операционализиран понатаму на институционално ниво.

Иако според Стратегијата за соработка на Владата со граѓанските организации широко се афирмира соработката и учеството на НВОите во процесите на креирање политики, од добиените податоци за активноста на Националната комисија за заштита на правата на детето и од податоците од вкупно 43 НВОи контактирани со мониторинготможе да се констатира дека Комисијата имала само една консултативна средба по однос на предлог Акциониот план за правата на детето, но ниту една од организациите контактирани во овој мониторинг не била поканета на таа средба.

Според Стратегијата за намалување на сиромаштијата децата од ранливите групи се посебно третирани и за нив се предвидени услови со цел обезбедување парични и непарични надоместоци и поддршка, а со цел овие деца да се реинтегрираат во општеството воопшто и во образовниот систем. Во овој контекст се воведува детски додаток и парични надоместоци и за оние деца кои доаѓаат од семејства без приходи. Исто така со цел редовно следење на наставниот процес обезбеден е условен паричен надоместок за деца од социјално загрозени семејства кои немаат услови да ја следат наставата, а училиштата во согласност со насоките добиени од централно ниво спроведуваат разни активности за реинтеграција. Исто така во училиштата има и еден дел хуманитарни активности со цел поддршка на децата во ризик. Донесени се Правилници со кои се регулира надоместокот за згрижување на деца, надоместокот за деца без родители над 18 години и надоместокот за деца со специфични потреби до 26 години старост.

Од контактираните 49 НВОи, 23 преземаат некакви активности за работа со маргинализирани деца, а само 5 се регистрирани во Министерството за труд и социјална политика за да извршуваат ваква дејност. Исто така може да се констатира дека постојат предвидени механизми во Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата со цел поддршка на децата во ризик, но сепак нивната примена во голема мера треба да се афирмира и доследно да се практикува на локално ниво од страна на надлежните институции.

И општините и училиштата релативно малку се запознаени со Стратегијата за интегрирано образование која треба да обезбеди мултикултурна и етничка интеграција преку образованието. Примената на стратегијата за интегрирано образование на локално ниво е многу мала, посебно во руралните места. Треба да се констатира дека Министерството за образование и наука во соработка со УСАИД и Норвешката амбасада спроведува активности од оваа стратегија преку посебни проекти во кои училиштата се вклучени во реализација, но не и при дизајн на проектите и активностите. Сепак изостанува имплементација на посуштински мерки од оваа стратегија како изучување на јазици, печатење на учебници и обука на наставнички и раководен кадар. Училиштата кои работат во етнички мешани средини редовно спроведуваат активности со меѓукултурен карактер. Според изјавите од претставниците на училиштата може да се каже дека немањето физички услови за учење на децата и понатаму останува како фактор заради кој децата во некои училишта се поделени по етничка линија.

Во општините во кои постои поголема застапеност на Влашко и Ромско население се изучува јазикот и културата на овие заедници. Исто така испечатени се учебници Јазик и култура на Ромите за 3, 4 и 5 одделение и Јазик и култура на Власите за 3, 4, 5 и 6 одделение. Има наставен кадар за двата предмети но нема податок дали тој број на наставници е доволен.

Не постои систематски пристап во споделување на Конвенцијата за правата на детето по училиштата, ниту пак има некаков систем и план за едукација за правата на детето како за наставниците, така и за децата и родителите. Вакви активности ад хок преземаат граѓански организации кои работат на оваа проблематика како Коалиција СЕГА и Првата Детска Амбасада Меѓаши.

# 3. Мониторинг сегменти и структура на системот за мониторирање

Во овој извештај во споредба со претходниот финален извештај, инкорпорирани се податоци кои се однесуваат на поголем број членови и препораки од Комитетот. При тоа приказот на наодите даден е посебно за системот поддржан од Детската Фондација Песталоци и системот поддржан од УНИЦЕФ, бидејќи станува збор за методологии кои се слични, но сепак методологијата и инструментите развиени за членовите кои се мониторираат со поддршка на УНИЦЕФ сеуште се развиваат и тестираат и според тоа и релевантноста и валидноста на добиените наоди не може да се израмнува со наодите за членовите мониторирани преку системот поддржан од Детската Фондација Песталоци кој е неколку пати тестиран и унапредуван. Во продолжение следи приказ на мониторинг сегментите кои се набљудуваат одвоено со поддршка на Детската Фондација Песталоци и УНИЦЕФ, како и опис на методологијата и опфатот за прибирање податоци.

## 3.1 Мониторинг сегменти и структура според системот развиен со поддршка на Детската Фондација Песталоци (2011 – 2012 година)

Системот за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија (Конвенција во понатамошниот текст) се однесува на членовите 12, 13, 14 и 15, како и препораките на Комитетот на Обединетите нации за правото на детето т.е. параграфите 10, 11, 30 и 31. Членовите и препораките чија имплементација се следи и известува се однесуваат на учеството на децата во различни сегменти на општественото живеење, т.е. правото на детето да биде слушнато неговото мислење, земено во предвид и третирано на соодветен начин, како и правото на здружување на децата. Овој систем е развиен и тестиран во рамки на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија“ поддржан од Детската Фондација Песталоци. Овој проект се спроведува од 2011 година и до сега покрај мониторинг наодите и препораките даваше и корисни насоки за унапредување на системот за мониторинг и тестирање на поставените индикатори.

Системот кој ги опфаќа погоре споменатите членови содржи осум клучни индикатори за селектираните членови од Конвенцијата како и за препораките, дваесет индикатори и голем број на маркери кои помагаат да се прикажат различни димензии на прибраните податоци а кои се важни за прикажување на состојбата на терен.

Мониторингот според индикаторите се одвива на повеќе нивоа:

- Ниво на национално законодавство
- Ниво на подзаконски акти, вклучително и интерните акти кои ги носат надлежните институции на национално и локално ниво
- Ниво на усвоени практики кои ги применуваат надлежните институции кои се предмет на мониторингот
- Ниво на искуство од страна на сите засегнати страни во имплементацијата на Конвенцијата вклучително и децата

Графички преглед на клучните индикатори и индикаторите во нивни рамки даден е во прилог 1.

Како споредбена основа при подготовка на првиот мониторинг извештај служеа податоците кои Коалиција СЕГА ги собираше преку спроведените истражувања во периодот 2008 – 2010 година, а кои се однесуваат на детските права воопшто и специфично на правото на учество на децата. Овие истражувања содржат главно квалитативни наоди преку кои е прикажана состојбата со почитувањето на детските права во училиштата, но и воопшто во регулативата и праксата на локално и национално ниво. Во понатамошната подготовка секој од извештаите ќе се осврнува на последната состојба кој била презентирана во претходниот мониторинг извештај и ќе го бележи напредокот кој настанал помеѓу два мониторинга.

## 3.2 Мониторинг сегменти и структура според системот развиен со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија за 2013 година

Системот за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија (Конвенција во понатамошниот текст) развиен за 2013 година со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ се однесува на членовите 2, 3, 4, 27 и 28 како и на препораките на Комитетот на Обединетите нации за правата на детето т.е. параграфите 8, 9, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 63, 64, 65, 66, 79 и 80. Поконкретно овие членови и дадените препораки се однесуваат на подобрување на законската регулатива и нејзино усогласување со меѓународните стандарди во областа на заштита на правата на детето, спроведување на правото на образование и еднаков пристап за сите деца. Овој систем се развиваше на почетокот на 2013 година и се пилотираше преку првото собирање податоци во февруари 2013. Според тоа, овој систем треба да се анализира од аспект на применливост на индикаторите на терен, па ова прво прибирање податоци треба да послужи во насока на унапредување како на индикаторите, така и на развиените инструменти.

Системот кој ги опфаќа погоре споменатите членови содржи пет клучни индикатори за селектираните членови од Конвенцијата како и за препораките, 14 индикатори и голем број на маркери кои помагаат да се прикажат различни димензии на прибраните податоци а кои се важни за прикажување на состојбата на терен.

Мониторингот според индикаторите се одвива на повеќе нивоа:

- Ниво на национално законодавство
- Ниво на подзаконски акти, вклучително и интерните акти кои ги носат надлежните институции на национално и локално ниво
- Ниво на усвоени практики кои ги применуваат надлежните институции кои се предмет на мониторингот
- Ниво на искуство од страна на сите засегнати страни во имплементацијата на Конвенцијата вклучително и децата

Графички преглед на клучните индикатори и индикаторите во нивни рамки даден е во прилог 2.

Како споредбена основа за овој извештај изработен според системот за мониторинг поддржан од УНИЦЕФ, ќе послужат податоците кои Коалиција СЕГА ги собираше преку спроведените истражувања во периодот 2008 – 2011 година, претходните податоци од претходниот извештај работен со поддршка на УНИЦЕФ, а кои се однесуваат на детските права воопшто и специфично на усогласување на законската регулатива, правото на образование и еднаков пристап. Понатаму, секој следен мониторинг извештај за споредбена основа ќе ја користи состојбата прикажана во претходниот извештај.

## 4. Методологија на прибирање податоци

Прибирањето на податоци вклучително по двата развиени системи за мониторинг се спроведе во 14 градови во Република Македонија (Скопје – Кисела Вода, Гази Баба и Бутел, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Кавадарци, Виница, Штип, Гевгелија, Куманово) и во 15 рурални места (Табановце, Мала Речица, Жупа, Ростуше, Дебарца, Вевчани, Кривогаштани, Жван, Росоман, Карбинци, Блатец, Миравци, Сопиште, Арачиново, Илинден). Во најголем дел од овие општини Коалиција СЕГА спроведуваше истражувања за утврдување на почетната состојба и прибираше податоци во претходните мониторинг периоди. Податоците се прибираат преку локалните институции т.е. основни и средни училишта, Центри за социјална работа, Локална самоуправа, Канцеларии на Народен правобранител, Регионални канцеларии на МОН, локални НВОи и локални медиуми. Во прилог 3 даден е преглед на вкупниот број на контактирани институции. Дополнително на национално ниво се собираат податоци од Националната комисија за заштита на правата на детето, Парламентарната комисија за човекови права и Парламентарната комисија за образование, наука, млади и спорт, Совет за радиодифузија, Министерства и агенции на Владата кои имаат ингеренции за спроведување на правото на учество на децата.

Прибирањето на податоците се врши од страна на назначени и обучени локални координатори за секој град/општина вклучени во мониторингот, тимот на Коалиција СЕГА во централната канцеларија и надворешните консултанти. Податоците се прибираат преку директни интервјуа со претставници на институциите, анкетни прашалници за националните институции, додека како дополнителна алатка се користи и интернет пребарувањето. За секој индикатор кој е развиен како дел од системот за мониторинг се изработени посебни инструменти со насоки и маркери за точниот вид на податоци кои треба да се добијат преку директните интервјуа со претставниците на институциите. За одредени индикатори за кои не се дадени податоци локалните координатори или тимот на Коалиција СЕГА не ги прибрале истите заради недостапност на информациите, неможност да се контактираат одговорните лица или заради немање информации.

Во поглед на добивање на мислењето директно од децата, Коалиција СЕГА во 2010 година спроведе истражување во истите градови кои се предмет и на овој мониторинг, во 28 училишта. Во рамки на ова истражување преку анкета и групни интервјуа со децата (преку анкетата беа вклучени 703 деца додека преку групните интервјуа 850 деца) се добија појдовни податоци за познавањата на детските права и начинот на нивна заштита, правото на учество во донесувањето одлуки, спроведувањето на правото на учество и правото на здружување на децата во училиштата.

Во тој контекст, преку мониторингот кој се реализираше во 2011 година, повторно беа вклучени 1435 деца, од нив 750 од основните училишта и 685 од средните училишта (детален приказ на вклучените деца по градови, пол, возраст и етничка припадност е даден во прилог 4). Од децата се добија информации кои делумно се споредливи со појдовните информации од истражувањата во 2010 година и како такви се употребливи и во овој извештај. Во Ноември 2012 година се направи повторно истражување исто како тоа во 2010 година, со цел снимање на состојбата и споредба со добиените појдовни податоци од 2010 година. Наодите од ова истражување исто така се искористени во изработката на овој извештај. Треба да се напомене дека употребливоста на податоците од спроведените истражувања е пред се во поддршка на анализата за спроведување на правото на учество на децата во донесувањето одлуки. Тоа е така бидејќи и системот за мониторинг и индикаторите последователно се развивани и надоградувани базирајќи се на првото спроведено истражување во 2010 година со поддршка на Детската Фондација Песталоци.

# 5. Преглед на добиените наоди според членовите на Конвенцијата 12, 13, 14 и 15 и препораките од Комитетот т.е. параграфите 10, 11, 30 и 31

## 5.1 Член 12

1. Државите членки му обезбедуваат на детето кое е способно да формира сопствено мислење, право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето, со тоа што на мислењето на детето му се посветува должно внимание во согласност со возраста и зрелоста на детето.

2. За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се донесуваат на него, било непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин кој е во согласност со процедуралните правила на националното законодавство.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата (Параграфи 10, 11, 30 и 31)

10. Комитетот ги забележува реформите во Националната комисија за правото на детето од септември 2007 со подигање на нејзините членови на ниво на државни советници, но е загрижен дека ова тело не е доволно активно во планирањето на политиките и поставување на приоритетите за имплементација на Конвенцијата. Комитетот, дополнително е загрижен за ограничените можности на локалната самоуправа, граѓанското општество и децата да учествуваат во работата на Комисијата. И покрај информацијата дека надлежностите на Комисијата се проширени на сите полиња кои ги засегаат децата, Комитетот исто така е загрижен дека тие не се проширени на протоколите на Конвенцијата.
11. Комитетот препорачува, државата да осигура дека Националната комисија за правата на детето има водечка улога во планирањето на политиките и поставувањето на приоритетите за имплементација на Конвенцијата. Националната комисија треба да има соодветни човечки, технички и финансиски средства, неопходни за да го практикува нејзиниот мандат ефективно. Составот и методите за работа на Комисијата треба да овозможат доволен простор за ефективно учество на локалните самоуправи, граѓанското општество и децата. Дополнително, Комитетот препорачува државата да ја разгледа можноста да ги прошири компетенциите на Комисијата за истата да ги покрива координацијата, мониторингот и евалуацијата на активностите од протоколите на Конвенцијата.

30. Комитетот, кој иако забележува дека принципот за почитување на мислењето на децата е инкорпориран во националното законодавство, жали што ова не е направено систематски и што законодавството сеуште не обезбедува право на детето да биде слушнато во сите судски и административни процедури кои влијаат на децата, а во согласност со нивните капацитети.
Комитетот понатаму жали што традиционалните општествени однесувања спрема децата го ограничуваат почитувањето на нивното мислење во семејствата, училиштата, заедницата и општеството.

31. Врз основа на член 12 од Конвенцијата и врз основа на генералните коментари бр. 12 (2009) на Комитетот за правото на децата да бидат слушнати (CRC/C/CG/12), Комитетот препорачува, државата да осигура дека целото релевантно законодавство гарантира право на децата да бидат слушнати во сите административни и судски процедури во согласност со нивните капацитети. Дополнително, Комитетот препорачува, државата да го промовира и помага почитувањето на мислењето на децата во семејствата и училиштата, во заедниците и во целото општество како и нивно учество во сите збиднувања кои ги засегаат.

## Анализа

1. Регулирање на учеството на децата во националното законодавство т.е. специфично во Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за локална самоуправа.[3]

3. Податоците кои ги прибираше Коалиција СЕГА преку воспоставениот систем за мониторинг се однесуваат конкретно на учество на децата во одлучувањето во локалната самоуправа и во училиштата, па затоа во предвид се земаат законите кои се од овие две области.

**Почетна состојба:** Според податоците од почетната состојба констатирана во Алтернативниот извештај на Коалиција СЕГА за спроведување на Конвенцијата на правата на детето во Република Македонија (во понатамошниот текст Алтернативен извештај), Законот за основно образование не го регулира учеството на децата во донесувањето одлуки во училиштето. Тоа право децата го остваруваат преку родителите. Во Законот за средно образование единствен елемент на учество на децата во донесувањето одлуки е можноста ученикот да поднесе приговор доколку не е задоволен од оценката. Во Законот за локална самоуправа нема конкретни одредби со кои се регулира учеството на децата во донесувањето одлуки во локалната самоуправа или преку кои се поттикнува такво учество или се дава можност за учество. Според финалните податоци од спроведениот мониторинг во 2011 година во двата закони од образованието (основно и средно) направени се минимални промени по однос на учеството на децата во донесувањето одлуки во училиштата. Имено, со измените во овие закони им се дава право на децата (и на родителите) да поднесат приговор на добиените резултати од екстерниот тест. Во Законот за локална самоуправа нема никакви промени со кои се третира прашањето за учество на децата во донесувањето одлуки во локална самоуправа.

**Наоди од мониторингот 2012 година:** Според податоците од спроведениот мониторинг во 2012 година во двата закони за образование (основно и средно) не се направени никакви измени кои директно се однесуваат на спроведување или на регулирање на правото на учество на децата во донесувањето одлуки во основните и средните училишта. Иако на седниците на Собраниската комисија за образование, наука и спорт е дискутирано и направени се измени во законите, сепак тие се однесуваат пред се на унифицирање и унапредување на системот и начинот на прибирање и евиденција на податоци за учениците. Во Законот за локална самоуправа нема никакви промени со кои се третира прашањето за учество на децата во донесувањето одлуки во локална самоуправа.

**Заклучок:** Во контекст на препораките на Комитетот дадени во параграфите 30 и 31 може да се заклучи дека конкретно во законодавството од сферата на основното и средното образование и локалната самоуправа државата нема преземено чекори за регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки. Исто така не се детектирани ниту иницијативи од граѓанскиот сектор или од државните органи за поттикнување на вакви измени кои ќе се однесуваат на правото на учество на децата во донесувањето одлуки.

2. Регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки преку индивидуалните акти на институциите т.е. на училиштата и на локалните самоуправи

**Почетна состојба и наоди 2011:** Според податоците од почетната состојба констатирана во Алтернативниот извештај на Коалиција СЕГА, како и според спроведеното истражување на Коалиција СЕГА на крајот на 2010 година (во 14 градови во Македонија), во скоро сите опфатени училишта нема посебни развиени правила за регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки во училиштата, ниту пак специфични сегменти во нивните индивидуални акти со кои се регулира оваа област. По однос на актите на локалните самоуправи, ниту една општина која учествувала во истражувањата во 2009 година не изјавила дека во своите акти го регулира учеството на децата во донесувањето одлуки во локалната самоуправа.

Според финалните наоди од мониторингот во 2011 година има напредок во поглед на регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки како во актите на училиштата, така и во локалните самоуправи. Од 62 училишта (34 основни и 28 средни) контактирани во 2011 година 29 или 47% изјавиле дека го имаат регулирано учеството на децата во донесувањето одлуки преку некои од своите акти т.е. статут, правилници и деловници за работа. Најчесто училиштата изјавуваат дека учеството го регулираат преку правилници, а потоа и во рамки на статутите преку правото на членство и дејствување преку класната и училишната заедница.

Исто така одговорните од училиштата наведуваат дека учеството на децата е регулирано и преку годишните програми на училиштата. Треба да се напомене дека квалитативните наоди од мониторингот упатуваат на тоа дека сепак иако училиштата изјавуваат дека го имаат регулирано учеството најчесто не станува збор за учество во донесување одлуки, туку за учество во активности преку класната и училишната заедница. По однос на регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки во актите на локалните самоуправи, наодите од мониторингот во 2011 година укажуваат дека 3 општини (Прилеп, Штип и Кавадарци) во своите акти (статут и деловници) го регулираат учеството на децата. Имено, во Штип и Кавадарци е воспоставен Совет на млади како општинско тело во кој учествуваат и деца, додека во Прилеп не се доставени на увид документи за да се види за какво учество станува збор.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** Во споредба со наодите од мониторингот во 2011 година, има значително подобрување по однос на регулирањето на учеството на децата во донесувањето одлуки во актите на училиштата. Имено, скоро двојно е зголемен бројот на училишта кои изјавиле дека во некои од своите акти го регулирале учеството на децата во донесувањето одлуки. Од вкупно 62 училишта од 14 градови кои учествуваат во мониторингот, во 49 училишта или 83% постојат одредби во рамки на нивните акти со кои се регулира учеството на децата во донесувањето одлуки.

И додека во 2011 година во 4 градови немаше ниту едно училиште кое го регулира учеството на децата преку своите акти, на крајот на 2012 година само во два града вклучени во мониторингот (Виница и Гевгелија) не постои ниту едно училиште кое го регулира учеството на децата во своите акти. Во најголем дел од училиштата регулирањето се врши во рамки на правилниците со кои се регулираат различни прашања од работењето, додека во 2 училишта пријавено е дека направени се измени во Статутите.

По однос на промени во актите на локалните самоуправи со кои се регулира учеството на децата нема никакви промени по однос на финалните наоди од 2011 година, односно 3 општини изјавиле дека имаат акти со кои се регулира учеството на децата, додека во 6 општини постои Комисија или советник за заштита на правата на детето.

**Заклучок:** Во контекст на препораките на Комитетот дадени пред се директно во параграф 31, и индиректно и во останатите параграфи, може да се заклучи дека има значаен напредок во регулирање на учеството на децата во индивидуалните акти на училиштата. Кај актите на локалните самоуправи нема никаков напредок. При тоа битно е да се напомене дека овој напредок не е резултат на државна интервенција или спроведување на државна политика со цел регулирање на учеството на децата во донесувањето одлуки во овие институции, туку е резултат на иницијативноста на институциите и работата на терен која ја спроведува Коалиција СЕГА во рамки на училиштата, опфатени преку проектот.

Исто така интересен наод е дека и понатаму продолжува трендот на регулирање на учеството во рамки на Правилниците за работа, додека Статутите на училиштата се сметаат за потешко променливи. Во моментов малку се работи со локалните самоуправи на ова прашање и според тоа видлив е и непроменетиот тренд кај локалните самоуправи по однос на регулирање на детското учество.

3. Функционалност на Националната комисија за заштита на правата на детето, учество на децата во работата на Националната комисија и во Парламентарните комисии[4]

Почетна состојба: Според податоците од почетната состојба констатирана во Алтернативниот извештај на Коалиција СЕГА за спроведување на Конвенцијата на правата на детето во Република Македонија во 2001 година воспоставена е Национална комисија како работно тело со улога да го изработи НАП за правата на детето. Оваа Комисија го изработила НАП, но понатаму како што и се наведува во Извештајот од државата Комисијата не продолжува со својата улога. Затоа во 2007 година всушност со Одлука се реформира Комисијата сега со улога да го следи спроведувањето на НАП за правата на детето. Во новиот состав на Комисијата се вклучени преставници од Министерствата за правда, труд и социјала, внатрешни работи, надворешни работи, финансии, култура, здравство, образование и од Агенцијата за млади и спорт од рангот Државни советници, како и претставник од Државниот завод за статистика. Исто така во Комисијата се вклучени и Прва детска Амабсада Меѓаши и Детски Парламент на Македонија, како НВОи без право на глас. Во Комисијата консултативна улога има и УНИЦЕФ. Не се познати критериумите на избор на НВОите во Комисијата, се одржуваат редовни седници од формирањето, но јавноста нема информации за работата на Комисијата. Имајќи во предвид што Комисијата е составена претежно од делегирани претставници по функција, може да се констатира отсуство на експертиза и капацитет како за работа во областа детски права така и за следење на исполнувањето на НАП за правата на децата. За јавноста недостигаат информации што всушност работи оваа Комисија. Има ограничено вклучување на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата. 4 општини Битола, Прилеп, Штип и Гостивар изјавиле дека имаат Комисија за заштита на правата на детето, додека во Тетово и Кавадарци имало општински советник.

Според наодите од мониторингот во 2011 година од работата на Комисијата во 2011 година не можат да се увидат некои конкретни активности за зголемување на учеството на децата во донесувањето одлуки. Исто така според достапните информации за работата на Комисијата не можат да се најдат податоци за механизмите кои Комисијата ги користи за директно вклучување на децата (доколку воопшто постојат такви механизми) како и за бројот на консултирани деца. Комисијата во февруари 2011 година поднела извештај за своите активности во 2010 година.

4.Коалиција СЕГА во согласност со полето на интерес прибираше податоци за работата на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и Комисијата за образование, наука и спорт

Исто така во текот на 2011 година Комисијата имаше и отворен повик за проширување на своето членство со уште две НВОи кои работат во областа на заштита на детските права. Конечно, во текот на 2011 година Комисијата со експертска поддршка од УНИЦЕФ пристапи кон ревизија на НАП, при што во нацрт ревидираниот план кој е достапен вклучени се активности за учество на децата во одлучувањето. Според измените во планот се предвидува воспоставување на Образовен комитет во училиштата во кој ќе членуваат родители, наставници и претставник од Училишниот одбор. Овој Комитет има улога да се грижи за почитувањето на правата на недискриминација и вклученост на децата. За децата се предвидува организирање во најразлични форми (клубови, асоцијации, детски организации и сл.) како и нивна комуникација понатаму со Образовниот комитет. Од 2011 па до моментов на пишување на овој извештај иако Комисијата постои и се очекува избор на нови членови, истата не е функционална.

Нема податоци за бројот на деца кои парламентарните комисии ги консултирале во својата работа за прашања кои ги засегаат нив. Во Стратегија за активностите за периодот ноември 2009 година - септември 2010 година на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот согласно наодите во Поглавјето 2.2. Човекови права и заштита на малцинствата во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2009 година, комисијата предвидела спроведување на јавни расправи на тема Заштита на правата на децата како механизам за консултација.

На ниту една друга седница парламентарните комисии не дискутирале за прашања кои се поврзани со учество на децата во донесувањето на одлуки во образовниот процес.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** После направените напори во 2011 за да се подобри структурата на членството на Националната комисија и да се воведат механизми за консултација, до крајот на 2012 година нема промени во однос на оперативноста на Националната комисија, ниту пак во однос на дефинитивната структура на членството и начинот на работа. Ниту во Националната комисија ниту пак во Парламентарните комисии нема активности во кои децата се вклучени или консултирани.

**Заклучок:** Во контекст на препораките на Комитетот дадени во параграфите 10 и 11 може да се констатира дека Националната комисија многу малку игра координативна улога во процесот на креирање и спроведување на политиката за заштита на правата на детето на локално ниво. Може да се заклучи дека државата не презела нови мерки и чекори со цел зајакнување на улогата на Националната комисија и нејзината оперативност. До овој момент нема информации за определување посебен буџет за работа на Комисијата, како и зајакнување на комисијата со човечки и технички ресурси и пред се со екпертиза од областа на заштитата на детските права. Исто така може да се заклучи дека сеуште не постојат механизми за директно вклучување на децата во работата на Националната комисија и на Парламентарните комисии.

4. Учество на децата во донесувањето одлуки во училиштата и локалните самоуправи

**Почетна состојба:** Според податоците од почетната состојба констатирана во Алтернативниот извештај на Коалиција СЕГА, како најчести механизми преку кои училиштата ги вклучувале децата во донесувањето одлуки се наведуваат класните заедници т.е. претседателите на класови, и во многу ретки случаи вклученоста на децата во работата на наставничкиот совет и училишниот одбор. Децата најчесто биле консултирани за несуштински прашања, како на пример екскурзии, матурски прослави, прослави на празници, а скоро воопшто не биле консултирани во подготовка на програми на училиштето, за работата на наставниците, прашања поврзани со наставата и наставните методи. И според спроведеното истражување на крајот на 2010 година за учеството на децата во донесувањето одлуки во училиштата, најголем дел од децата и училиштата изјавуваат дека децата учествуваат преку класната заедница т.е. преку претседателите на класови. Нема училиште кое изјавило дека децата учествуваат во работата на наставничкиот совет како редовна пракса. И според ова истражување продолжува трендот на вклученост на децата во одлуки за не толку суштински прашања. Општините не ги вклучуваат децата директно ниту во донесување одлуки ниту во процеси на креирање годишни програми и активности за деца. Општините изјавуваат дека најчесто мислењето на децата го добиваат преку контакти со наставничкиот кадар или пак преку соработка со НВОи кои имаат програми и активности за деца.

По однос на структура во рамки на општините преку која би можело да се обезбеди учество на децата во донесувањето одлуки, општините во најголем дел немаат структура, додека еден мал дел на општини изјавуваат дека имаат Советник или младинско тело.

Според наодите од мониторингот во 2011 година, продолжува трендот на користење неформални механизми за вклучување на децата од страна на сите 62 училишта, како на пример состаноци, усни разговори (групни и индивидуални), средби со родители и ученици, средби на претседателите на класови со класни раководители. Училиштата поретко користат и формални механизми како што се кутии за поплаки и предлози, анкети, интервјуа, училишната заедница, детски парламенти и сл. Иако во главно се задржува трендот децата да бидат консултирани за не толку суштински прашања, сепак има и напредок во ова поле и може да се забележи дека повеќе од училиштата децата ги вклучуваат и при донесување одлуки во врска со пишување на оценки, изборни предмети, куќен ред, кодекс на однесување, уредување на училиштето и услови во училиштето, односи помеѓу учениците, односи со наставниците, самоевалуација на училиштето.

И додека според наодите од 2010 година по однос на учество на децата во донесувањето одлуки во локалните самоуправи може да се заклучи дека вклучувањето на децата е пред се индиректно, <u>според наодите од 2011 година 10 од вкупно 14 општини вклучени во мониторингот изјавуваат дека имаат некакви механизми преку кои децата ги вклучуваат во донесувањето одлуки.</u>

При тоа станува збор за детски парламенти, прием на деца, Комисии, анкетирања на ученици, совет на млади, младински парламент. Но, исто така еден дел општини изјавуваат дека индиректно ги вклучуваат децата преку контакти со училишните одбори, наставничкиот кадар и директорите. Само општина Кавадарци има евиденција за бројот на деца кои биле консултирани при формирањето на младинскиот парламент (217) како и за бројот на деца (2000) кои биле консултирани на теми од обласа на културата и спортот од интерес на децата и младите а во надлежност на општината. Градоначалникот и советниците се почесто практикуваат директни консултативни средби со ученици и млади како и младински организации на теми кои ги засегаат младите и децата а се од сите сфери на општествениот живот. Темите за кои другите општини ги консултирале децата се однесуваат на образованието, екологијата, изградба на детски игралишта, култура и изборните предмети во училиштата, здравство.

**Наоди од мониторингот од 2012 година:** Во 2012 година локалните самоуправи вклучени во мониторингот не бележат нагорен тренд во вклучувањето на децата во донесувањето одлуки. Состојбата е многу слична на наодите од 2011 година со тоа што општините ги посочуваат истите механизми за вклучување на децата и истите теми. Единствена новина е во општина Дебар во која децата се вклучени во форумите на заедницата каде се прашани за тоа како да се искористат средствата од буџетот на општината и како да се подобрат условите во училиштата.

И во училиштата вклучени во мониторингот доминира истиот тренд на вклучување на децата во донесување одлуки. Иако поголемиот дел од училиштата сеуште користат неформални механизми, има охрабрувачки податоци дека училиштата исто така започнуваат да ги препознаваат класните и училишните заедници како функционална форма на учество на децата во донесувањето одлуки. Темите за кои децата се консултираат и натаму доминантно се несуштински, но има и теми кои се поконкретни и се однесуваат на работата на наставниците, квалитетот на наставата и условите за учење.

**Заклучок:** Во контекст на препораките на Комитетот дадени во параграфите 30 и 31, а во однос на резултатите од мониторингот во 2011 година може да се констатира скромен напредок во вклучување на децата во донесувањето одлуки во училиштата и поголема функционалност на формалните механизми како класни и училишни заедници. Од друга страна може да се каже дека локалните самоуправи речиси не направиле никаков напредок по однос на вклучување на децата во донесувањето одлуки. Тоа делумно е резултат и на немањето активности од страна на граѓанските организации во овој сегмент. Иако се пријавуваат одредени механизми за консултирање на децата кои функционираат во рамки на локалните самоуправи или одвоено, сепак функционалноста на тие механизми и одржливоста бара поголем ангажман и посветеност од страна на општините и секако вложување на финансиски средства од буџетите на општините.

5. Промоција на правото на учество во донесување одлуки помеѓу децата и возрасните и едукација за суштината и примената на правото на учество на децата во донесувањето одлуки

**Почетна состојба:** Според информациите од спроведеното истражување кон крајот на 2010 година за учество на децата во училиштата[5], децата се поделени по однос на познавањето на правото на учество и скоро подеднакво изјавуваат дека знаат за ова право, односно дека малку знаат за ова право. Она што го потврдуваат е дека сакаат да научат како се спроведува ова право во пракса. Понатаму, 79% од децата не посетувале досега младински работилници за правото на учество во одлучувањето, а 65% изјавуваат дека ниту во наставните содржини не учеле за ова право, односно не знаат дали учеле. Тоа укажува дека децата дополнително не го препознаваат ова право како дел од наставните содржини. Децата од основните училишта потенцираат дека родителите и наставниците заедно ги донесуваат одлуките, додека децата од средните училишта изјавуваат дека тие се прашани за мислење но одлуките ги донесуваат родителите и наставниците заедно. Исто така децата и од основните и од средните училишта изјавуваат дека нивните претставници не се вклучени во работата на наставничкиот совет, како и дека нивното консултирање е за несуштински одлуки. Познавањата за правото да учествуваат во донесувањето одлуки во локалната самоуправа се на многу ниско ниво.

5. Во спроведената анкета е селектиран статистички репрезентативен примерок од 703 деца од 14 градови, додека во групните интервјуа учествуваа 850 деца.

Децата вклучени во фокус групите при изработката на Алтернативниот извештај изјавуваат дека не се запознаени со ова право и дека не знаат како да го остварат. Локалните и националните институции имаат редовни активности за промоција на заштитата на детските права и нивните претставници посетуваат активности, обуки и семинари за заштита на детски права. Но, од друга страна ретко која институција се изјаснила дека има специфични активности за зголемување на детското учество во донесувањето одлуки. Исто така еден дел од локалните институции (најчесто училиштата) имаат активности во кои ги вклучуваат децата, што не може да се смета за активност за подигнување на свеста за вклученост на децата во донесувањето одлуки.

Во 2011 година Коалиција СЕГА во рамки на редовниот мониторинг реализираше фокус групи и групни интервјуа со деца при што беа вклучени вкупно 1435 деца од основни и средни училишта од сите 14 градови вклучени во мониторингот. Според добиените наоди од фокус групите и од групните интервјуа, децата, се поделени по однос на тоа дали знаат за правото на учество, и дополнително изјавуваат дека слушнале за ова право но не знаат како да го остварат. Еден мал дел деца знаат дека можат да учествуваат во училиштето преку класната и училишната заедница и дека сами ги избираат нивните претставници во класните заедници. Скоро сите вклучени деца не посетувале посебни работилници за правото на учество, но изјавуваат дека информации за тоа како може да учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето добиваат најчесто од класниот раководител и од стручната служба, и сметаат дека тие се личностите кои и понатаму треба да имаат водечка улога по ова прашање.

По однос на учеството во одлучувањето во рамки на локалната самоуправа децата не знаат дека имаат такво право, посебно децата од основните училишта и сметаат дека тоа право го остваруваат преку возрасните. Децата не се запознаени ниту со механизмите за учество во локалната заедница и немаат информации од ниту еден извор за тоа како да учествуваат во донесувањето одлуки во локалната заедница. Тие сметаат дека информациите за ова право треба да ги добиваат преку училиштата од наставниците, класните раководители и стручната служба. Дополнително преку активностите на СЕГА, информирани и обучени се 12 членови на советите на млади во Кавадарци и Струмица, потоа 144 млади од младинските парламенти во Кавадарци, Струмица, Неготино и Делчево. За младинско учество обучени се 50 млади и деца (25 основци и 25 средношколци) од Прилеп, Дебар, Тетово, Куманово и Кавадарци.

Речиси во сите градови кои беа вклучени во мониторингот контактираните претставници од национални и локални институции (националната комисија за заштита на правата на децата, училишта, општини, центри за социјална работа, канцеларии на народен правобранител, просветен инспекторат, биро за развој на образованието) како и претставниците на НВОите имаат учествувано во некаква активност за промоција на детските права и нивна заштита. Некои од институциите како на пример Канцелариите на Народниот правобранител и самите организираат активности за промоција и заштита на детските права.

Така, од вкупно 105 институции кои биле контактирани и каде се одвивале некакви активности од ова област, 164 претставници биле вклучени во обуки и други активности. Сите овие претставници се директно контактирани преку локалните координатори. Треба да се напомене дека најчесто институциите немаат евиденција за бројот на претставници кои посетувале вакви активности, што значи дека бројката на вклучени претставници може да биде и многу поголема. Најголем дел од претставниците доаѓаат од НВОите, училиштата, и центрите за социјална работа. Според добиените податоци од локалните координатори по однос на овој индикатор, интересно е дека многу мал дел од контактираните претставници учествувале специфично на активности кои подразбираат зголемување на учеството на децата во донесувањето одлуки или пак активности кои ја подигнуваат свеста за учество на децата во донесувањето одлуки. Исклучок од ова се претставниците на општината во Кавадарци како и персоналот од контактираните средни и основни училишта во Куманово. Претставниците од Кавадарци учествувале на обуки за младинско учество организирани од Коалиција СЕГА, додека претставниците од Куманово од основните и средните училишта учествувале во обуки за работа на младинската организација и подоцна помогнале во подготовка на документацијата на младинската организација и го поддржуваат нејзиното функционирање. Понатаму, според добиените податоци од локалните координатори по однос на овој индикатор, учеството на семинари и обуки од областа на учеството на децата е зголемено благодарение на обуките, работилниците и семинарите кои ги организира Коалиција СЕГА.

Најголем дел од активностите за промоција и заштита на детските права и специфично за правото на учество во донесувањето одлуки се организираат од домашни и странски НВОи, во рамки на нивните проекти.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** Во групните интервјуа организирани од страна на локалните координатори во периодот март – април учествуваа вкупно 1185 деца од основни и средни училишта, додека во групните интервјуа организирани во октомври беа вклучени 1014 деца. И додека во првиот период може да се констатира прилично иста состојба како и кон крајот на 2011 година по однос на познавањето на правото на учество, неговата реализација, механизмите за учество и едукацијата, значителен напредок е забележлив во октомврискиот мониторинг период кога поголем дел од децата изјавуваат дека се запознаени со правото на учество и начините на негово остварување, а еден дел изјавуваат дека учествувале на работилници на кои се едуцирале за ова право и механизмите на учество. Тоа е резултат на две причини: активности на Коалиција СЕГА во училиштето поврзани со формирање и функционирање на класната и училишната заедница и претходно учество на одреден број деца во групните интервјуа организирани во претходниот период. Во училиштата во кои нема вакви активности, но има активности преземени од страна на други невладини организации повторно има одреден број на деца кои знаат за правото на учество. И понатаму средношколците предничат во знаењата за правото на учество во однос на децата од основните училишта.

Ваквите наоди дополнително се потврдуваат и преку спроведеното споредбено истражување на состојбата со учеството на децата во донесувањето одлуки (2012 во однос на 2010). Според истражувањето, можат да се забележат нагорни трендови и показатели како по однос на познавањето на правото на учество на децата во донесувањето одлуки, така и по однос на познавање на начините на реализација на ова право. Исто така според ова истражување во еден дел од училиштата подобрена е состојбата и со функционалноста на класните и училишните заедници, како и со консултирањето на децата за посуштински прашања.

По однос на познавањето и практикувањето на правото на учество во донесувањето одлуки во локалната заедница, децата имаат непроменети ставови. Иако од изјавите на општините може да се забележи нагорен тренд во 2011 година, сепак во 2012 година локалните самоуправи не работат на ова прашање, што пак веднаш има одраз врз искуството на децата од процеси на консултации по одлуки кои се донесуваат на ниво на локална заедница. И општата едукација по ова прашање заостанува.

Претставници на национални и локални институции и натаму земаат учество во обуки, тренинзи и други активности кои се однесуваат на детските права. Во 2012 година бројот на претставници кои посетиле вакви настани е 117 додека сите институции најавиле дека и самите организираат вакви активности. Посебно е интересно да се спомене дека кога станува збор за едукации за детските права, тоа се врши пред се на почетокот на учебната година. Сепак останува трендот на овие активности да се третираат општо сите детски права.

**Заклучок:** Во контекст на препораките на Комитетот дадени во параграф 31 по однос на промовирање на правото на учество во донесувањето одлуки и едукација за негова примена, може да се заклучи дека има напредок во промоција, едукација и примена на правото на учество и консултирање на децата во донесувањето одлуки во училиштата. Тоа е пред се резултат на граѓански иницијативи и на соработка на училиштата и граѓанските организации. Државата сеуште нема воведено некаква структурирана едукација или механизми кои ќе го промовираат ова право, ќе овозможат негова примена и едукација на децата и наставниците како носители и поддржувачи на ова право. По однос на промоција, едукација и примена на правото на учество при донесување одлуки во локалната заедница може да се констатира непроменета состојба дури и некаде негативен тренд. Ова право е недоволно познато и недоволно се спроведува како од страна на децата, така и од страна на возрасните од локалните институции. По однос на учеството на возрасните претставници од национални и локални институции во обуки и активности поврзани со правото на учество, сеуште станува збор за неструктурирана едукација која се однесува општо на детските права. Исто така националните и локалните институции немаат систем за селекција и евиденција на бројот на претставници кои ги праќаат на вакви настани и обуки и за ефектот од таа едукација.

### 5.2 Член 13

1. Детето има право на слобода на изразување кое опфаќа и слобода да бара, прима и дава информации и идеи од секаков вид, без оглед на граници, било усно или писмено или низ печатот, по пат на уметност или некој друг медиум по избор на детето.

2. Остварувањето на ова право може да подлежи на извесни ограничувања, меѓутоа само на оние кои се одредени со закон и кои се неопходни,

а) заради почитување на правата или угледот на другите или

б) заради заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал.

## Анализа

1. Децата бараат, примаат и даваат информации преку разновидни медиуми обезбедени од страна на државата

**Почетна состојба:** Во своите досегашни истражувања како и според информациите од Алтернативниот извештај, Коалиција СЕГА, не прибирала специфични информации кои се однесуваат на бројот на весници, списанија и други медиуми преку кои децата можат да даваат, примаат и бараат информации кои се од нивни интерес и преку кои тие можат да го искажат своето мислење.

Прв пат преку спроведениот мониторинг во 2011 година се добиваат вакви информации. Според наодите од 2011 година во сите 14 општини кои се вклучени во прибирањето податоци се издаваат некакви списанија за деца. Во податоците добиени во јулскиот мониторинг во 8 општини се издавале списанија за деца, но до октомврискиот мониторинг пораснал бројот на општини, т.е. во сите општини се издаваат списанија за деца. Вкупно во 14 општини се издаваат 43 списанија за деца од кои најголем дел или 32 списанија се издаваат од училиштата. Од вкупниот број на издадени списанија 15 се за основци, а 27 за средношколци. Од вкупниот број на списанија кои се издаваат на локално ниво само 6 списанија добиваат државна поддршка, додека другите се финансираат од буџетите на општините, од буџетите на училиштата, од спонзорства и сл. Во три општини Кавадарци, Прилеп и Тетово училиштата не издаваат списанија. Во најголем дел од списанијата децата имаат можност да учествуваат директно во подготовката. Треба да се напомене дека иако бројот на списанија наменети за деца радува, сепак содржините во списанијата се претежно од забавен карактер или од информативен карактер т.е. се пласираат информации за реализирани настани, посети, натпревари и сл. Исто така најчесто списанијата се издаваат еднаш до два пати годишно, што е многу мала фреквенција за да ги задоволи потребите на децата за примање и давање на информации.

На национално ниво се издаваат 7 списанија за деца, тие се: Наш свет (издавач, Детска радост), M&M и Kids (издавач, Нампрес), Нумерус и Сигма (издавач, Сојуз на математичари), прилог Колибри (издавач, НИП, Нова Македонија), Медиум (издавач Висока школа за новинарство заедно со НИП Нова Македонија). За две списанија (Сигма и Нумерус) нема податок како се финансираат, останатите самостојно се финансираат, а списанието Наш свет добива поддршка од Министерството за образование и наука за дистрибуција во училиштата.

Од вкупно 14 општини вклучени во мониторингот во 8 општини има електронски медиуми кои емитуваат програма за деца. Поголемиот дел од емисиите кои се емитуваат на локално ниво се од забавен карактер. Има и еден мал дел детски и младински емисии со информативни содржини и содржини за промоција на децата. Во текот на мониторингот контактирани се 28 локални медиуми и од нив 19 емитуваат програми за деца, а вкупниот број на детски емисии е 20. На национално ниво медиуми кои емитуваат детски програми се: ТВ Телма ја емитува детската емисија „Пет плус", ТВ Алфа емисијата „Супер Ѕвезда" како и МТВ која емитува детски емисии секојдневно и се со поддршка од државниот буџет. Бројот на емисии на МТВ не може да се утврди, бидејќи податоците кои се добиени се во минути детска програма на годишно ниво.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** Според податоците прибирани во текот на 2012 година може да се констатира дека подготовката и издавањето на детски списанија во општините не претставува систематска активност. Ова го докажуваат и податоците кои незначително варираат од еден до друг мониторинг период. Имено до крај на 2012 година за споредба со 2011 година, две општини воопшто не издаваат списанија за деца, Прилеп и Гостивар, но ова не е константна состојба во текот на целата година. Исто така може да се констатира дека вкупниот број на списанија пораснал, при што поголемиот дел од списанијата ги издаваат невладините организации додека другиот дел училиштата. Половина од списанијата ги вклучуваат директно децата во подготовка на содржините. По однос на финансирањето на списанијата на локално ниво многу мал дел од нив (7 списанија) добиваат државна поддршка или поддршка од општинскиот буџет.

Како нов медиум кој полека почнува да го завзема и местото на официјален медиум се електронските веб страници на училиштата за кои веќе има два примери во Охрид и во Скопје.

По однос на електронските медиуми, состојбата е скоро непроменета по однос на 2011 година. Имено во 2012 година во 9 општини има 36 медиуми кои емитуваат програма за деца, при што најголем дел од тие програми се преземени од други медиуми и само се реплицираат. По однос на содржината во најголем дел станува збор за емитување на цртани филмови, детски песнички и сл. но многу малку содржински програми и емисии.

2. Децата се заштитени од содржини што можат штетно да влијаат врз нивниот психички, физички и морален развој.

**Почетна состојба:** Според наодите во Алтернативниот извештај подготвен во 2009 година, во Законот за радиодифузија внесени се одредби со кои се регулира презентирањето на содржини кои може да имаат негативни ефекти врз развојот на децата како на пример порнографски содржини, насилство, емитување на телефонски броеви кои нудат специјални услуги за време на детски програми. Советот за радиодифузија има изработено и прецизни насоки за категоризација на програмите. Во пракса, поголемиот дел од приватните телевизии не се придржуваат до насоките односно прават сопствена проценка кои програми кога треба да се емитуваат. Во периодот до 24:00 часот на телевизиите може да се сретнат филмови и емисии кои содржат физичко насилство, несоодветен речник, експлицитни еротски содржини. Пример се `reality shows` како Големиот брат, Остров на искушение, Кечери, Џери Спрингер, првиот циклус емисии Тринаесетка на водителот Боки 13.

Според финалните наоди од мониторингот спроведен во 2011 година вкупниот број на медиуми кои имаат добиено концесија е 157 од кои 77 се ТВ станици, а 80 се радиостаници. Од наведените медиуми само 4 имаат национална концесија додека другите се или локални или пак се емитуваат на национално ниво но преку сателит.

Податоците од двата мониторинг периоди укажуваат на прекршување на Правилникот за заштита на малолетната публика, при што имало тенденција на намалување на прекршоците, т.е. додека во јулскиот мониторинг 14 медиуми го прекршиле Правилникот, во октомврискиот мониторинг тој број се намалува на 7. Најчести случаи на прекршување на правилникот има во програмите кои користеле телефонски услуги со посебна тарифа и тоа како на игрите со ниска продукциска вредност така и на емисии со јасновидци, на актуелно-информативни емисии, забавно-музички емисии. Исто така за рекламните спотови кои се дел од кампањата на Владата на Република Македонија за борба против дрогата по доставено барање за мислење, Советот за радиодифузија препорачува до медиумите истите да се емитуваат во соодветни термини и со соодветни ознаки т.е. текстуално вербално и визуелно предупредување и ознака за возрасната група која може да ја следи програмата. Исто така Советот за радиодифузија реагирал и до медиумите кои емитувале хип хоп песни со вулгарен говор во несоодветни термини.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** Заклучно со ноември 2012 година во Република Македонија регистрирани се 151 концесионер (68 телевизии и 83 радија вклучително и јавниот сервис). Од наведените медиуми само 4 телевизии имаат национална концесија (без јавниот сервис) додека другите се регионални, локални или пак се емитуваат на национално ниво, но преку сателит. Во овој мониторинг период 16 концесионери (11 национални и 5 регионални телевизии) го прекршиле Правилникот за заштита на малолетната публика во 35 случаи.

Најголем број од прекршоците се направени заради непочитување на членовите 7, 12 и 13 од Правилникот кои се однесуваат на несоодветен термин на емитување програма, непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата и непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. Само во еден случај е прекршен членот 4 од Правилникот кој се однесува на случаеви кога вестите и информативните програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што можат штетно да влијаат врз малолетната публика и нивното прикажување мора да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите во таквиот материјал.

**Заклучок:** Може да се констатира дека нема поголеми промени по однос на состојбата во давањето и примањето на информации на локално и национално ниво, а кои ги засегаат децата. Заради немањето на континуирано финансирање на издавачката дејност на училиштата и на национално ниво, може да се заклучи дека постои непостојаност во издавањето на списанијата, мал тираж и фреквенција на издавање која не ги задоволува потребите.И понатаму за поздравување остануваат напорите на училиштата да издвојуваат средства од сопствениот буџет за финансирање на детските списанија.

Иако полека се наметнуваат електронските медиуми како веб страните на училиштата кои се интересна алатка за споделување на содржини кои ги засегаат младите, сепак и печатените списанија сеуште повлекуваат голем интерес, за што говори и нивниот број и бројот на општини кои сеуште ги практикуваат. По однос на состојбата со електронските медиуми на локално ниво, може да се констатира дека нема промени пред се во содржините кои се емитуваат, а кои речиси воопшто не се осврнуваат на едукативните потреби на децата. По однос на заштитата на децата од програми кои можат штетно да влијаат врз нивниот психички, физички и морален развој, може да се заклучи дека Советот за радиодифузија и понатаму го применува Правилникот за заштита на малолетната публика и мерките кои ги презема со цел санкционирање на медиумите кои го прекршуваат Правилникот имаат ефект. Сепак, за жал и понатаму остануваат актуелни прекршоците кои се однесуваат на емитување содржини во несоодветен термин и неупотребата на соодветен предупредувачки сигнал.

### 5.3 Член 14

1. Државите членки го почитуваат правото на детето на слобода на мислење, совест и вероисповед.

2. Државите членки ги почитуваат правата и должностите на родителите и, каде што е таков случајот, на законските старатели да го насочуваат детето во остварувањето на неговото право на начин кој е во согласност со развојот на неговите способности.

3. Слободата на изразување на вероисповедта или убедувањето може да подлежи само на оние ограничувања кои се пропишани со закон и кои се неопходни заради заштита на јавната сигурност, ред, здравје или морал или на основните права и слободи на другите.

**Анализа**

1. Децата во рамки на образовниот систем слободно ја изразуваат својата вероисповед и убедување

**Почетна состојба:** Во своите досегашни истражувања како и според информациите од Алтернативниот извештај, Коалиција СЕГА, не прибирала специфични информации кои се однесуваат на слободата на избор и изразување на вероисповед и убедување во рамки на образовниот систем. Прв пат преку спроведениот мониторинг во 2011 година се добиваат информации за определувањето на децата за изборните предмети во 6-то одделение Етика на религии, Запознавање на религиите и Класична култура во европската цивилизација, како и информации за содржината на наставните програми по овие предмети. Во следните извештаи ќе се врши споредба помеѓу податоците од овој вид добиени од различните мониторинг периоди.

Според информациите добиени од мониторингот во 2011, мнозинство од контактираните училишта (27 од вкупно 34 основни училишта) ги нудат на избор сите три предмети. Во остатокот од училиштата се нудат два предмети на избор пред се заради неисполнување на минималната бројка на ученици кои треба да се пријават за да се активира предметот или пак заради немање на соодветен наставен кадар. При тоа не постои одредба според која овие ограничувања во изборот може да се сметаат за оправдани или прифатливи. Треба да се напомене дека училиштата назначуваат наставници за овие изборни предмети од веќе постоечкиот кадар, што, според контактираните претставници од училиштата, е и препорака на Министерството за образование и наука. Исто така треба да се забележи дека најголем дел од училиштата определуваат два наставника кои ги предаваат трите предмети. Децата најчесто го избираат предметот Запознавање на религиите, па потоа следи предметот Етика на религиите и на крај Класична култура на европската цивилизација. Воглавно најзастапени се првите два предмети додека третиот предмет е многу малку воведен од страна на училиштата.

Генерално, наставниците се задоволни од содржината на наставните програми по трите изборни предмети и сметаат дека истата е прилагодена за возраста на децата и е соодветна.

Содржината е уште поразбирлива со добивањето на учебниците како и подготовката на прирачникот за изведување на наставата. Според наставниците, наставните содржини воопшто не ги прекршуваат правата на децата за слободно изразување на својата вероисповед и религија и им даваат можност како слободно да ја изразуваат својата религија така и да слушнат и научат за другите религии. Во однос на третманот кој го добива секоја од религиите мислењата на наставниците се поделени. За одреден број на наставници сите религии добиваат подеднаков третман, додека за други наставници доминантните религии добиваат многу повеќе простор на сметка на помалите религии. Треба да се има во предвид дека најголем број од интервјуираните наставници предаваат Етика на религиите. Интересно е што наставниците нудат различни одговори на прашањето колку часа се посветени на секоја религија. Одговорите се движат од 4 часа па до 12 за секоја религија. Од одговорите очигледно е дека постои препорака колку часови треба да се посветат на секоја религија, но во практика очигледно тоа е оставено индивидуално на секој наставник да определи колку часови ќе и посвети на секоја религија во зависност од предметот кој се предава. Мислењата на наставниците се поделени околу прашањето за која религија учат повеќе учениците – за сопствената или за туѓите. Половина од наставниците сметаат дека децата повеќе учат за својата религија, додека останатата половина смета дека подеднакво учат за сите религии. Ако се има во предвид дека многу често доминантната религија добива повеќе простор во наставните содржини, реално е да се очекува дека децата повеќе и ќе учат за неа.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** На крајот на мониторингот во октомври 2012 година 24 училишта од контактирани 34 ги нудат на избор сите три предмети. И додека тоа не претставува разлика по однос на завршните податоци од 2011 години, сепак ако се спореди со претходниот период на собирање април 2012 може да се каже дека за 3 училишта порасна бројот на оние кои нудат по три предмети. И понатаму состојбата по ова прашање најмногу зависи од расположливиот кадар во училиштето, а потоа и од интересот на учесниците да се определуваат за предметите. Интересот на учениците е главно исто, односно најголем дел се определуваат за предметите Етика на религиите и Запознавање на религиите, па потоа следи предметот Класична култура на европската цивилизација. И понатаму е забележлива практиката децата да мораат да слушаат предмет кој не го избрале заради немањето на доволен број деца за да се формира паралелка за одреден предмет. Така на пример Етика на религиите не е застапен само во 3 училишта, додека Класична култура на европска цивилизација не е застапен во 8 училишта. За прв пат во овој мониторинг период во одредени градови (Куманово, Гевгелија и Скопје) прибрани се и податоци за бројот на ученици кои го слушаат предметот Социологија во средните училишта. Овој предмет е задолжителен во прва/втора година во средните училишта, додека е изборен во трета и четврта во зависност од насоката која ја избрале учениците. Во Дебар учениците од средните училишта учат Урбана култура, Толеранција, мир и граѓанска култура.

Наодите по однос на ставовите на наставниците за наставните програми по овие изборни предмети и во овој мониторинг период не се разликуваат воопшто од наодите во претходниот мониторинг период. И сега најголем дел од наставниците сметаат дека учениците подеднакво учат и за својата и за другите религии. Наставниците кои предаваат Етика на религиите сметаат дека учениците повеќе учат за својата религија, што според нив било разбирливо бидејќи најнапред треба да ја запознаеш својата религија па да ги запознаеш и останатите.

Наставници се едногласни дека предметите се многу корисни и воопшто не ги прекршуваат правата на децата за слободно изразување на својата вероисповест. Како и во претходниот мониторинг извештај има различни информации во однос колку часови се предвидени за одредена религија, а колку од нив се реализираат. Бројките се движат од 3 до 20 часови за секоја религија, во зависност од тоа за кој предмет се работи.

**Заклучок:** И понатаму постои ограничување по однос на почитувањето на правото на слободно изразување на вероисповед и убедување на децата според член 14. Имено сеуште заради недостатокот на капацитет понудата на предметите е различна во различни училишта, како и образовната подготовка и капацитетот на наставниот кадар. Одлуката за избор на предметите децата ја носат заедно со родителите најчесто врз основа на претходна презентација на содржината на предметите за родителите, но не и за децата.

Исто така се ограничува и минимален број на деца кои е потребно да се пријават за да може одреден предмет да се испорачува. По однос на содржината на наставните програми, од добиените податоци од наставниците кои се интервјуирани може да се заклучи дека истата е соодветна на возраста на децата, не ги прекршува нивните права на вероисповед и убедување. И понатаму не е јасно како е распоредено времето и часовите кои се посветуваат за изучување на религиите во рамки на наведените предмети.

5.4 Член 15

1. Државите членки го признаваат правото на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање.

2. Не може да се наметнуваат никакви ограничувања во остварувањето на овие права освен оние кои се во согласност со законот и кои се неопходни во демократско општество во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, јавниот поредок, заштита на јавното здравје или морал, или заштита на правата и слободите на другите.

## Анализа

1. Здружување на децата преку детските организации во училиштата

**Почетна состојба:** Според истражувањето спроведено во 2009 година за потребите на Алтернативниот извештај, иако училиштата наведуваат дека ги имаат сите форми на здружување на децата и дека имаат критериуми за воспоставување на тие форми и правилници за работа, сепак во пракса ваквите форми не функционираат. Според исказите на децата, 58% од децата не знаат какви форми на здружување постојат во училиштата, а 56% изјавиле дека не членуваат во одделенска заедница. Исто така децата, многу малку знаат за значењето и улогата на ученичките и училишните заедници, а уште помалку знаат за сопствената улога во тие заедници.

Здружувањето на децата во училиштата според анализата Училиште по мерка на децата е нецелосно регулирано во статутите на некои од училиштата. Иако формално постојат можности за здружување на децата во најразлични форми, во пракса нема јасни правила како децата се здружуваат, која е улогата на ученичките заедници и ученичките организации. Децата уште помалку знаат какви се правилата на избор на претставници во тие заедници бидејќи изборот најчесто се врши традиционално и по предлог на наставникот. Според наодите од истражувањето спроведено кон крајот на 2010 година во врска со учеството на децата во училиштата, децата не знаат или сметаат дека во нивното училиште не постојат младински организации и клубови преку кои децата учествуваат во донесувањето одлуки. Од оние кои потенцирале дека вакви тела постојат наведуваат детски организации, младински совети и клубови и разни спортски клубови. Во своите досегашни истражувања како и според информациите од Алтернативниот извештај, Коалиција СЕГА, не прибирала специфични информации кои се однесуваат на евиденцијата и бројот на деца членови во детските организации во училиштата. Прв пат преку спроведениот мониторинг во 2011 година се добиваат вакви информации и во следните извештаи ќе се врши споредба помеѓу податоците од овој вид добиени од различните мониторинг периоди.

Според прибраните податоци од мониторингот во 2011 година во контактираните училишта постојат вкупно 65 организации. Треба да се напомене дека периодот на воспоставување на овие организации во училиштата е на почетокот на учебната година, па во текот на

последното прибирање на податоци во октомври во некои училишта вакви организации беа во тек на воспоставување или сеуште не беа воспоставени, па може да се очекува дури и поголем број. Во овој мониторинг и во две училишта основно и средно се воспоставени младински/детски организации. Средните училишта како типови на организации кои постојат во нивни рамки ги наведуваат училишната заедница и младинската организација која како форма е карактеристична за средните стручни училишта и истата е воспоставена најчесто во рамки на проектот на УСАИД за основање на кариерни центри. Во основните училишта најчесто постојат детска организација, детски парламент, училишна заедница, и подмладок на црвен крст. Најголем дел од овие организации се активираат со почетокот на учебната година кога следат и избори на раководство и подготовка на програма за работа. Од вкупно 65 организации, 58 изјавиле дека работат во контакт и со помош на назначен наставник или претставник од стручните служби во училиштето. Членството во чадор организации на национално ниво е минимално. Од вкупно 65 организации кои постојат само 17 имаат членство во чадор организации. Имено младинските организации од средните стручни училишта членуваат во Асоцијацијата на средни стручни училишта МАССУМ, а исто така и некои училишни заедници од средните училишта членуваат во Средношколската унија на Македонија. Мал дел од детските организации членуваат во Детски парламент на Македонија.

По однос на функционалноста на детските/младинските организации во училиштата, според изјавите на наставничкиот кадар тие функционираат според подготвена програма за работа и најчесто работат на подготовка на настани, прослави, еко акции, дебати, анкети и сл. Учеството во донесувањето одлуки најчесто не се наведува како активност на овие организации. Од друга страна наодите од почетната состојба укажуваат дека поголемиот дел од децата не се свесни за постоењето на овие организации и не ги перципираат како форми за учество во донесувањето одлуки. Ова дотолку повеќе што од овие организации во ниту едно од училиштата нема претставници во наставничкиот совет или во другите училишни тела. Училиштата не секогаш водат уредна евиденција за бројот на деца членови во детските организации. Исто така правото на избор да се членува во детската организација не секаде се применува, имено во некои училишта со самото стапување на децата во прво одделение тие веднаш стануваат и членови во детската организација без притоа индивидуално да се изјаснат за тоа. Според наодот во јули во 11 општини (нема податоци за Штип, Гостивар и Скопје) имало вкупно 4319 евидентирани деца/членови на детските организации, додека пак во мониторингот во октомври во 13 општини (нема податоци за Скопје) имало вкупно 7076 евидентирани деца/членови на детските организации. Сепак недостасуваат податоци за одредени демографски критериуми како пол, етничка припадност и место на живеење на учениците.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** На крајот на мониторинг периодот во 2011 година евидентирани се 65 организации, додека на крајот на мониторинг

периодот во 2012 година бројот е 62 детски организации. Во најголем дел од овие организации и понатаму учениците работат во контакт и со помош на назначен наставник од кадарот на училиштето. Исто така може да се констатира подобрување на функционалноста на овие организации како што и претходно беше наведено, што делумно е резултат на интервенциите на Коалиција СЕГА во примена на правото на учество на децата во дел од училиштата опфатени со проектот. Децата се повеќе ги препознаваат како форум и платформа за размена на мислења и учество во процесите на донесување одлуки. Исто така има подобрување и во поглед на евиденцијата на децата кои членуваат во овие организации, не само како бројчана состојба туку и според други демографски карактеристики, иако сеуште има училишта кои не водат ваква ажурна евиденција. Според наодот во април 2012 година во 13 општини евидентирани се вкупно 11 796 деца членови и во средните и во основните училишта, додека во според наодите во октомври 2012 година во 11 општини (нема податоци за Прилеп и Ресен) евидентирани се вкупно 11 205 деца членови.

2. Здружување на децата во чадор организации на национално ниво

**Почетна состојба:** Во своите досегашни истражувања како и според информациите од Алтернативниот извештај, Коалиција СЕГА, не прибирала специфични информации кои се однесуваат на здружувањето на децата во чадор организации на повисоко, национално ниво.

Прв пат преку спроведениот мониторинг во 2011 година се добиваат информации за ваквиот тип на здружување. Во следните извештаи ќе се врши споредба помеѓу податоците од овој вид добиени од различните мониторинг периоди.

Според податоци прибрани од тимот на Коалиција СЕГА во 2011 година, постојат 3 национални чадор организации и сите се на ниво на средни училишта. Тоа се МАССУМ, Средношколска Унија на Македонија и Унија на средношколци на Македонија. Од сите три организации достапни податоци за годината на основање и бројот на членки има за МАССУМ. За другите две организации не можат да се најдат речиси никакви податоци. МАССУМ постои од 2006 година по иницијатива на проектот на USAID за средни училишта (Secondary Education Activity Project). Според податоците од нивната веб страна во МАССУМ членуваат 67 младински организации кои организираат младински активности како на пример Образовно рандеву, МАССУМ Олимпијада, МАССУМ Лидерски Камп.

**Наоди од мониторингот во 2012 година:** Нема промени во однос на бројот и функционалноста на националните чадор организации.

**Заклучок:** По однос на спроведувањето на член 15 и правото на децата на слободно здружување, може да се заклучи дека не постојат ограничувања за здружување на децата во организации, како на ниво на училишта така и на национално ниво. И понатаму од битно значење за поттикнување на ваквото здружување на децата е истото да се регулира соодветно во законската рамка.

Има напредок во регулирање на здружувањето на децата во рамки на општите акти и правилници во училиштата. Функционалноста на детските организации во некои училишта во кои се преземаат систематски активности за работа со овие организации е подобрена, но сепак во мнозинството училишта функционалноста е на ниско ниво и е оставена на иницијативноста на наставниот кадар и на децата членови. На национално ниво организациите кои се контактирани имаат оскудни информации околу нивната функционалност, визија, мисија и програма за работа и како такви се сиромашен репрезент на детското здружување на национално ниво.

# 6. Преглед на добиените наоди според членовите на Конвенцијата 2, 3, 4, 27, 28 и препораките од Комитетот т.е. параграфите 8, 9, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 63, 64, 65, 66, 79 и 80

## 6.1 Член 2

1. Државите членки на оваа Конвенција ќе ги почитуваат и ќе ги обезбедат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна состојба, неспособност, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски старател.

2. Државите членки ќе ги преземаат сите потребни мерки за да ја обезбедат заштитата на детето од сите форми на дискриминација или казни засновани на статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, законските старатели или членовите на семејствата на детето.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 26 и 27

**26.** Иако Комисијата го поздравува усвојувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација и одредбите за воспоставување на тело за спречување на дискриминацијата, Комитетот искажува загриженост дека со новиот закон нема експлицитна опфатеност на одредени основи за дискриминација и дека содржи долга листа на “исклучоци” од она што претставува дискриминација, со што може да се загрозат најдобрите интереси на детето. Комитетот е загрижен околу de facto дискриминацијата на децата кои припаѓаат на малцинствата, особено Ромите, децата кои се згрижени во институции, децата на улица, децата со пречки во развојот, и децата кои се во конфликт со законот.

**27.** Комитетот дава препорака според која државата членка треба да го подобри законот за спречување на дискриминацијата за негово понатамошно усогласување со меѓународните и регионалните стандарди, дека законот експлицитно ќе ги опфаќа сите основи за дискриминација и да се разгледа отстранувањето на листата на “исклучоци” во постоечкиот закон. Државата членка треба да ги преземе сите соодветни мерки за превенција, поправка и казнување на сите дела на дискриминација против децата, вклучително и преку обезбедување на ефективност во работата на телото за спречување на дискриминација. Комитетот бара овие конкретни информации да бидат вклучени во следниот периодичен извештај за мерките и програмите кои се релевантни за Конвенцијата,а кои државата членка ги презема како последователни активности од Декларацијата од Дурбан

и Програмата за акција кои беа усвоени на Светската конференција за борба против расизмот, расната дискриминација, ксенофобијата и нетолерантноста во 2001, како и на Конференцијата за преглед на Декларацијата од Дурбан во април 2009.

## Анализа

1. Национално законодавство за превенција и спречување на дискриминација

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Во 2010 година донесен е Законот за заштита од дискриминација и од тогаш нема некои измени или дополнувања со кои би се регулирала дополнително заштитата од детска дискриминација или пак би се вметнале одредби со цел усогласување на овој закон со меѓународни стандарди, протоколи и конвенции.

2. Примена на процедурите за превенција на детска дискриминација, пријава и спречување на детска дискриминација

**Наоди од мониторингот во февруари 2013 година:**
Во досегашната работа на Коалиција СЕГА не се прибирани податоци кои ќе укажат на постоење процедури за превенција на детска дискриминација, но со донесувањето на Законот за заштита од дискриминација во 2010 година се поставува основа за развивање на вакви процедури посебно за децата и тоа во рамки на установите во кои тие гравитираат.

Заради тоа истражувањето е насочено да се увиди на кое ниво е состојбата во училиштата и во центрите за социјална работа.

Во општините и руралните места општа констатација е дека има многу малку случаи на постоење развиени и применети процедури за превенција од детска дискриминација согласно наведениот закон. Може да се истакне дека почесто постојат општи одредби за превенција од детска дискриминација по сите основи и тоа во рамки на статутите на училиштата, кодексите за однесување и правилниците за работа. Од вкупно 80 контактирани училишта (51 основно и 29 средни), повеќе од половината или 43 училишта имаат развиено одредби за превенција од детска дискриминација, при што поголем дел (26) се основни училишта. Од нив 11 училишта (8 основни и 3 средни) се во рурални места. Значително помал број училишта, само 15, имаат развиено пишани процедури за превенција од детска дискриминација, односно најголем дел од училиштата изјавуваат дека нема вакви процедури бидејќи досега немале искуство со детска дискриминација. Оние училишта кои наведуваат дека имаат вакви процедури, тие се развиени најчесто во вид на постапка според која стручната служба и директорот се задолжени да постапат доколку некој пријави дискриминација или доколку забележат случај на дискриминација. Кај центрите за социјална работа посебни вакви процедури на ниво на центри не постојат бидејќи тие постапуваат во согласност со Законот за заштита на децата и протоколите издадени од Министерството за труд и социјална работа, значи според насоките од централно ниво. Од изјавите на претставниците од тимовите за постапување при центрите за социјална работа

скоро секаде може да се воочи дека дискриминацијата се поклопува со нарушувањето на детските права воопшто во различни сфери како на пример образование, здравство, социјални права и сл. И претставниците од училиштата и од центрите за социјална работа ги посочуваат децата Роми како група која е често дискриминирана и тоа пред се заради социјално – економскиот статус, а не заради етничката припадност. Понатаму како дискриминирани групи деца можат да се јават децата со посебни потреби, новодојдените деца во училиштата, децата со лош социо - економски статус и деца од семејства во ризик.

| Општина/Град | Број на контактирани училишта | | | Број на училишта кои имаат одредби за превенција од детска дискриминација | | | Број на училишта кои имаат пишани процедури за превенција од детска дискриминација | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основни | Средни | Вкупно | Основни | Средни | Вкупно | Основни | Средни | Вкупно |
| Куманово | 3 | 2 | 5 | 2 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 |
| Тетово | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 6 | 1 | 0 | 1 |
| Виница | 4 | 1 | 5 | 4 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Штип | 3 | 2 | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| Гевгелија | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 3 | 2 | 5 | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | 2 |
| Струга | 3 | 2 | 5 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 3 | 2 | 5 | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 3 | 2 | 5 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 3 | 2 | 5 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 3 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ресен | 2 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 3 | 2 | 5 | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | 4 |
| Скопје | 12 | 4 | 16 | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | **51** | **29** | **80** | **26** | **17** | **43** | **9** | **6** | **15** |

**Табела 1** – Податоци од училиштата за постоечки одредби и процедури за превенција од дискриминација на децата

Според податоците добиени од Народниот правобранител, во нивна надлежност е да работат на превенција од детска дискриминација и тоа најчесто го прават преку едукации во училиштата со ученици и наставници како и преку делење на печатени материјали за правата на детето. Според Народниот правобранител иако во националното законодавство генерално се вклучени доволно механизми за превенција од детска дискриминација, поголем проблем е доследната примена на овие механизми до страна на овластените институции на национално и локално ниво. Исто така Народниот правобранител во своја надлежност има да постапува во откривање случаи на детска дискриминација или пак по добиена претставка. Од 2011 година до сега Народниот правобранител има постапувано во два случаи на детска дискриминација од кои едниот е пријавен, додека другиот е по иницијатива на Народниот правобранител. И во двата случаи констатирана е дискриминација во образованието, дадени се препораки до институциите и истите се успешно имплементирани.

Според податоците од Националната комисија за спречување на дискриминацијата од 2011 година од кога и е воспоставена комисијата до сега доставени се вкупно 6 претставки за дискриминација во кои се инволвирани и деца. Овие претставки се од областа на образованието и здравството. Од овие претставки 2 се решени и утврдена е дискриминација, додека за 4 постапката е во тек.

**Заклучок:** Може да се заклучи дека иако постои правна рамка за превенција и пријава на дискриминацијата, сепак на ниво на институции многу малку се развиваат специфични процедури за тоа. Имено институциите во кои конкретно гравитираат децата или кои се воспоставени за заштита на децата, најчесто користат општи одредби со кои се забранува секаков вид на дискриминација и постапуваат согласно специфичните закони во својата сфера, а кои пак најчесто исто така предвидуваат заштита од дискриминација. Од тука се гледа и потребата за развивање вакви процедури, посебно во рамки на училиштата од руралните средини со цел да се операционализираат одредбите во една постапка која ќе укаже и на учениците и на наставниот кадар како да постапат во случај на дискриминација.

### 6.2 Член 3

1. Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето без оглед дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, административните органи или законодавните тела.

2. Државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа која е неопходна за негово добро, имајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законски старатели или други поединци кои се правно одговорни за детето, и за таа цел ги преземаат сите потребни законодавни и административни мерки.

3. Државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со стандардите кои ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето во бројот и подробноста на персоналот како и во стручниот надзор.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 28 и 29

**28.** Иако се забележува дека со новиот закон за малолетничка правда се признаваат најдобрите интереси на детето како водечки принцип, Комитетот е загрижен дека овој принцип не е систематски вклучен во сите релевантни закони и административни постапки, и не се применува на соодветен начин во пракса.

**29.** Комитетот препорачува на државата членка да изврши преглед на сите релевантни закони за да се обезбеди сигурност дека најдобрите интереси на детето, на начин на кој се одразени во член 3 од Конвенцијата, се инкорпорирани во законите, регулативата и судските и административните постапки. Државата членка треба понатаму да обезбедува дека најдобрите интереси на детето имаат примарно место во сите активности кои се однесуваат на децата.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 79 и 80

**79.** Комитетот го забележува основањето на совет за превенција на малолетничкото престапништво и планот за подобрување на условите во воспитно-поправната институција, која е префрлена во просториите на затворот во Скопје по конфликтот. Меѓутоа, Комитетот е загрижен дека:

**(а)** Децата под 14 годишна возраст може да подлежат на поправни мерки за кои одлучуваат и ги применуваат центрите за социјална работа;
**(б)** Во неколку случаи има наводни тврдења дека децата биле третирани како возрасни престапници;
**(в)** Децата не се одделени од возрасните затвореници;
**(г)** Околу лошите услови на местата каде што децата се чуваат во притвор, особено во воспитно-поправната институција и малолетничкиот затвор во Охрид, и околу пренатрупаноста на ќелиите каде престојуваат малолетниците; и
**(д)** Дека децата подлежат на задолжително тестирање на дрога во воспитно-поправната институција.

**80.** Комитетот ја охрабрува државата членка да обезбеди целосно спроведување на стандардите за малолетничка правда, особено членовите 37 (б), 39 и 40 од Конвенцијата, како и Стандардните минимални правила за спроведување на малолетничката правда на Обединетите Нации (Правилата од Пекинг), Насоките за превенција на малолетничкото претстапништво на Обединетите Нации (Riyadh Насоки) и правилата за заштита на малолетници кои се лишени од слобода на Обединетите Нации (Правила од Хавана). Комитетот, особено ја охрабрува државата членка во предвид да го земе општиот коментар Бр.10 на Комитетот (2007) во врска со спроведувањето на малолетничката правда. Исто така, на државата членка и се даваат препораки за следново:

**(а)** Да обезбеди дека децата под возраста за кривична одговорност (14 години) не се казнуваат на било кој начин за кривичните дела;
**(б)** Да се ревидираат практиките за да се обезбеди дека децата не се третираат како возрасни престапници при спроведувањето на малолетничката правда;
**(в)** Да се обезбеди дека малолетниците и возрасните престапници престојуваат одделно;
**(г)** Да се преземат ефективни мерки за подобрување на условите на сите места каде децата се чуваат во притвор и да се намали пренатрупаноста;
**(д)** Да се обезбеди дека децата се лишуваат од слобода само како последна можна мерка особено преку развивање на мерки кои се алтернатива на притворот, вклучително и можности за спроведување на правдата преку надоместување на штетите, како и вршење преглед на казните;
**(ѓ)** Укинување на праксата за задолжително тестирање за дрога во воспитно-поправната институција.

## Анализа

1. Законска регулатива и подзаконски акти со кои се пропишува и операционализира применувањето на принципот на најдобар интерес на детето

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Во овој мониторинг период прилично се ограничени информациите кои се добиени по однос на постоењето на закони и подзаконски акти кои го пропишуваат и операционализираат извршувањето на принципот на најдобар интерес на детето. Параграфот 28 од препораките на Комитетот е во посебен фокус на мониторингот, но мора да се напомене дека е многу тешко за краток период да се добијат бараните информации. Ова посебно важи за подзаконските акти за кои иако беа испратени прашалници до Министерство за правда беше многу тешко да се добијат информации, дали постојат и кои се тие акти. Она што е факт е дека со Законот за малолетничка правда од 2010 година во делот цели на законот се пропишува остварувањето на најдобриот интерес на детето и тоа како што следува: "Цели на законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на малолетниците од криминал, насилство и на кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој; заштита на малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци од поврат, нивна социјализација, воспитување и превоспитување помош и грижа за малолетниците,

и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни договори за положбата на малолетниците во системот на правда, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија". Во својот мониторинг Коалиција СЕГА не врши следење на примената на овој принцип во установите кои се задолжени за спроведување на Законот за малолетничка правда.

**Заклучок:** Коалиција СЕГА уште еднаш го афирмира постоењето на принципот на заштита на најдобриот интерес на детето во рамки на Законот за малолетничка правда и во следниот период ќе работи фокусирано со цел да ги обезбеди и анализира актите во кои овој принцип е понатаму операцинализиран.

## 6.3 Член 4

Државите членки ги преземаат сите потребни законодавни, административни и други мерки за остварување на правата признати во оваа Конвенција. Во врска со економските, социјалните и културните права, државите членки преземаат такви мерки максимално користејќи ги своите расположливи средства, а каде што е потребно во рамките на меѓународната соработка.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 8 и 9

**8.** Комитетот искажува загриженост дека националното законодавство во целост не е усогласено со принципите и одредбите на Конвенцијата и дека постои слабо спроведување на законите.

**9.** Комитетот ја охрабрува државата членка да продолжи и да го заврши усогласувањето на своето законодавство со одредбите на Конвенцијата и да ги преземе сите потребни регулаторни мерки за целосно спроведување и ефективна имплементација, во консултации со сите релевантни партнери вклучително и со УНИЦЕФ, и пошироко учество на граѓанското општество.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 24 и 25

**24.** Комитетот го забележува усвојувањето на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор и акционите планови за периодот 2007-2011 за имплементација на стратегијата, како и плановите за зголемување на бројот и проширувањето на правото на гласање на членовите од НВОи во рамките на Националната комисија за правата на детето. Сепак, Комитетот е загрижен околу недостигот на консултации со граѓанското општество при подготовката на вториот периодичен извештај и несоодветната соработка при пишувањето на законите и политиките кои се однесуваат на правата на детето, како и за недостигот на транспарентни критериуми за учество на НВОи во работата на Националната комисија за правата на детето. Покрај тоа, Комитетот искажува загриженост во однос на недостигот од давање признание на значителниот придонес од НВОи во обезбедувањето на овие услуги.

**25.** Комитетот дава препорака за државата членка да обезбеди транспарентност во односите и соодветни консултации со граѓанското општество при пишувањето на законите, политиките и програмите во сите области кои се однесуваат на децата, вклучително и во работата на Националната комисија за правата на детето и во изборот на критериуми за учество во работата на комисијата.

## Анализа

1. Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Во рамки на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор нема посебни делови во кои се пропишува процедура за креирање политика за деца. Треба да се истакне дека цела стратегија е насочена кон подобрување на партнерските односи на граѓанскиот сектор и Владата на РМ и зголемено учество на граѓанските организации во процесите на креирање политики. Во согласност со ова е и определбата под водство на Националната Комисија за правата на детето како владино тело за креирање политика за деца да се зголеми уделот на граѓанските организации во процесите на крирање политики.

2. Консултации на Националната комисија за заштита на правата на детото со граѓанските организации

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Според податоците добиени од Националната Комисија за правата на детето (Национална комисија), во 2011 година Националната комисија започна со изработка на нов Национален Акционен план за правата на детето за периодот 2012 – 2015 година во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија. За подготовка на планот биле ангажирани двајца експерти. Во рамки на консултативниот процес по нацрт планот од страна на канцеларијата на УНИЦЕФ била организирана дебата со НВОи кои работат на оваа проблематика.

Националната комисија во рамки на мониторингот не достави никакви податоци за бројот и имињата на организациите кои биле повикани на консултации со образложение дека со такви податоци располага УНИЦЕФ. Инаку во составот на Комисијата членуваат две граѓански организации како претставници на граѓанскиот сектор кој се занимава со детските права.
Од вкупно 49 контактирани НВОи во рамки на мониторингот, а кои работат на проблематика поврзана со детските права, само 1 организација од Прилеп имала контакт со Националната комисија, додека ниту една организација не остварила средба со Националната комисија.

**Заклучок:** Може да се констатира дека учеството на граѓанските организации кои работат на детските права во процесите на креирање политика за деца е минимално. Исто така може да се заклучи дека Националната комисија не превзема посебни мерки со цел да го зголеми ова учество. Со оглед на фактот што од 49 контактирани НВОи само една организација имала контакт со комисијата, и ниту една немала средба со комисијата, сепак може да се заклучи дека консултациите кои ги спроведувала Националната комисија се ограничени на мал број граѓански организации кои не го репрезентираат локалниот контекст, потреби и услови за делување во сферата на детските права.

## 6.4 Член 27

1. Државите членки го признаваат правото на секое дете на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој на детето.

2. Родител(ите) или другите лица одговорни за детето првенствено се одговорни во рамките на своите способности и финансиски можности да му обезбедат на детето животни услови потреби за негов развој.

3. Државите членки во согласност со националните услови и своите можности преземаат соодветни мерки за помош на родителите и другите лица одговорни за детето со цел остварување на ова право и во случај на потреба за обезбедување на материјална помош и програми за поддршка посебно во поглед на исхрана, облека и домување.

4. Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат детето да добие издржување од родителите или другите лица кои се финансиски одговорни за детето како во рамките на државата членка така и од странство.
Посебно доколку лицето кое е финансиски одговорно за детето, не живее во иста држава со него, државите членки поттикнуваат пристапување кон меѓународните спогодби односно склучување на такви спогодби како и други соодветни аранжмани.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 63 и 64

**63.** Комитетот забележува дека децата од економски обесправените и социјално-исклучени семејства се идентификувани како приоритет во писмените одговори дадени од државата членка, и информацијата дека во тек е спроведувањето на националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и националната стратегија за развој на социјалната заштита. Меѓутоа, Комитетот е загрижен бидејќи системот за детски додаток е дискриминирачки и ги исклучува децата кои се во ранлива состојба бидејќи е ограничен само на децата кои редовно посетуваат училиште и чии родители се вработени или веќе се опфатени со системот на социјална заштита.

**64.** Комитетот дава препорака според која државата членка треба да постави приоритет за заштитата на адекватниот животен стандард за децата кои се во ранлива состојба, вклучително и во претстојното законодавство, стратегии и програми за социјална заштита и особено околу распределбата на детскиот додаток, и обезбедување дека сите релевантни државни институции се придржуваат кон тоа во праксата. Државата членка треба да преземе моментални мерки за отстранување на сите форми на дискриминација околу распределбата на детскиот додаток и други форми на социјална заштита.

## Анализа

1. Национална регулатива која предвидува вклучување на децата од ранливите категории во системот на социјална заштита

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Системот на социјална заштита на локално ниво ги вклучува Локалните самоуправи и Центрите за социјална работа како субјекти носители на социјалната заштита, а чие што работење е уредено со Законот за социјална заштита и Законот за локална самоуправа. Согласно овие закони тие имаат надлежност за социјална превенција, вон-институционална и институционална заштита и спроведување на механизмите на социјална заштита. Во категориите кои се вклучени во системот на социјална заштита, а се однесуваат на децата спаѓаат деца без родители, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца на улица, деца од еднородителски семејства. Износот за надоместокот за згрижувачко семејство и надоместокот за трошоците за сместеното лице е зголемен во однос на висината исплатувана во претходниот период. Владата на РМ донесува Национална програма за социјална заштита.

Донесен е нов Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на семејното лице. Донесени се два нови правилници со кои се допрецизира остварувањето на правото на парична помош од социјална заштита и право на помош за социјално домување и тоа: Правилник за начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лице до 18-годишна возраст кое имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст и Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа. Со Програмата за условени парични надоместоци за средно образование, се воведува условен паричен надоместок за редовно посетување на наставата во средно образование во учебната 2010/2011 година за децата од домаќинствата кои користат социјална помош. Во рамките на постоечките законски прописи од обласка на детската и социјалната заштита во континуитет се остварува правото на посебен додаток кој како паричен надоместок се обезбедува за деца со специфични потреби до 26 години, кои имаат пречки во телесниот или интелектуалниот развој и право на скратено работно време поради нега на дете со посебни потреби.

Во Стратегијата за намалување на сиромаштијата како посебно подрачје се третира унапредувањето на социјалната заштита. При тоа во ова подрачје акцент е ставен на еднаквиот пристап на сите деца до социјална и здравствена заштита преку донесување на потребна регулатива и унапредување на капацитетот на кадарот кој работи во социјалните служби, унапредување на системот на евиденција на новородените деца,

едукација на родители и деца за Конвенцијата за правата на детето, обезбедување еднакви услови за сите деца за користење на достапните социјални механизми.

2. Обезбедување детски додаток за сите деца

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**

Законот за социјална заштита ги утврдува следниве права на парична помош од социјална заштита: социјална парична помош; постојана парична помош; парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; парична помош на мајка која родила четврто дете; паричен надоместок за помош и нега од друго лице; еднократна парична помош и помош во натура; надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; парична помош за социјално домување и право на здравствена заштита.

Согласно податоците на Министерството за труд и социјална политика донесен е нов Закон за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр. 23/13) согласно кој детски додаток се обезбедува и на деца кои потекнуваат од семејства без приходи, но истото е со одложна примена од влегувањето на Република Македонија во Европската Унија. Детски додаток се обезбедува и на деца на самохрани родители. За дете на самохран родител приходите по член на семејство за остварување на право на детски додаток изнесуваат до 4.980 денари. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Детски додаток следува и за дете кое е без родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство. Детето кое е на училишна возраст треба да е на редовно школување во РМ и се остварува најдоцна до наполнување на 18 години живот на детето, а за деца кои поради болест не можат да се образуваат детски додаток следува до 18 години живот. За децата кои вонредно ја посетуваат наставата поради болеста им следува детски додаток до 18 годишна возраст.

Училиштата пак информираат за исплата на Условен паричен надоместок за деца кои се од социјално загрозени семејства и на кои државата им исплаќа финансиска поддршка со цел остварување на правото на образование доколку редовно ја посетуваат наставата. Оваа мерка се смета и како мерка за реинтеграција на деца од социјално загрозени семејства.

1. Механизми за социјална заштита и организации кои работат и се регистрирани за работа со маргинализирани деца

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**

Од вкупно 49 организации кои се контактирани преку мониторингот, 23 превземаат некакви активности за заштита на маргинализирани деца, 5 се регистрирани во регистарот на Министерството, од кои 4 се во Скопје. Во активностите на овие организации спаѓаат различни форми на поддршка на децата со цел остварување на правото на образование, социјални и здравствени права, помош и поддршка на деца со посебни потреби, реализација на активности со хуманитарен карактер и сл.

Интересно е дека во своите програми и училиштата известуваат за одреден број на активности/хуманитарни акции со цел да се помогне на некое семејство во ризик или на деца од социјално загрозени семејства преку обезбедување донации, бесплатни прибори, учебници, материјали, превоз и сл. При тоа најголем дел од овие мерки се и мерки за реинтеграција на децата.

| Општина | Број на контактирани НВОи | Број на НВОи кои преземаат активности за заштита на маргинализрани деца |
|---|---|---|
| Куманово | 3 | 1 |
| Тетово | 4 | 1 |
| Виница | 2 | 2 |
| Штип | 3 | 0 |
| Гевгелија | 3 | 0 |
| Кавадарци | 3 | 1 |
| Струга | 2 | 1 |
| Дебар | 3 | 3 |
| Битола | 1 | 0 |
| Прилеп | 3 | 1 |
| Гостивар | 2 | 2 |
| Ресен | 0 | 0 |
| Охрид | 4 | 3 |
| Скопје | 16 | 8 |
| **Вкупно:** | **49** | **23** |

**Табела 2** – НВОи кои работат на заштита на маргинализирани деца

**Заклучок:** Може да се констатира дека унапредувањето на системот за социјална заштита и достапноста во остварување на здравствени, социјални, образовни права на децата е во фокус на националната легислатива, и е составен дел од мерки и политики кои ја допираат оваа сфера. Во регулативата предвидени се мерки и механизми со цел обезбедување на поддршка и заштита на различни категории деца кои се во ризик, и во тој контекст развиени се парични и непарични поддршки и други форми на интеграција на овие деца во општествениот живот и во образовниот систем. Истите се уредени во Законот за социјална заштита и во Законот за заштита на децата, како и во ред подзаконски акти од кои во овој мониторинг се спомнати само дел. Од страна на граѓанските организации кои беа контактирани може да се заклучи дека иако еден дел од нив во својата мисија имаат зацртано да работат на поддршка на маргинализирани деца, сепак во пракса тоа не се случува перманентно и систематски заради што и најголемиот дел од контактираните организации не се регистрирани за давање вакви услуги на маргинализирани деца.

## 6.5 Член 28

1.Државите членки го признаваат правото на детето на образование и со цел за постепено остварување на тоа право на основа на еднакви можности, посебно:
а) го прогласуваат основното образование задолжително и бесплатно за сите.
б) го поттикнуваат развојот на различни форми средношколско образование вклучувајќи општо и стручно образование кое е достапно за сите деца и преземаат соодветни мерки како што се воведување бесплатно образование и давање финансиска помош во случај на потреба.
в) на сите им овозможуваат стекнување високо образование врз основа на способноста, користејќи прикладни средства.
г) на сите деца им стаат на располагање образовни и стручни информации и услуги за професионална ориентација.
д) преземаат мерки за поттикнување на редовното посетување на школото и намалување на отпишувањата од училиште.
2. Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за да може да се спроведува дисциплината во училиштата на начин кој е во согласност со човековото достоинство на детето и оваа Конвенција.
3. Државите членки ја унапредуваат и поттикнуваат меѓународната соработка за прашањата кои се однесуваат на образованието посебно заради давање придонес во елиминацијата на незнаењето и неписменоста во светот и олеснување на пристапот кон науката и техничките знаења и современите методи на настава. Во тој поглед посебно внимание им се посветува на земјите во развој.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 65 и 66

**65.** Комитетот забележува дека правото на образование на сите деца државјани и жители без државјанство им е загарантирано со закон, дека се преземаат заложби за да се подобри квалитетот на образованието, и дека државата членка планира да воведе условени кеш трансфери со цел да се поттикне запишувањето и посетата во средните училишта. Меѓутоа, комитетот искажува загриженост во однос на следното:

(а) Постојат пречки за пристапот до образование за децата кои не се регистрирани при раѓање и децата кои не поседуваат документи за лична идентификација, децата со пречки во развојот и децата на улица;
(б) Постои нагорен тренд на поделби по етничка линија во училиштата, што резултираше во диспаритет во квалитетот на образованието и ограничени можности за децата кои припаѓаат на разни заедници за да стапуваат во интеракција помеѓу себе и интензивирање на меѓу-етничките насилства;
(в) Стапката на запишување и завршување на основното училиште останува многу ниска кај ромските деца, особено за девојчињата, и дека ромските деца се соочуваат со сегрегација и дискриминаторски третман во училиштата;
(г) Ромските деца се наводно премногу застапени во училиштата за деца со посебни потреби и дека одлуката за упатување на децата во таквите училишта не ја носат интердисциплинарни тимови и врз основа на објективни критериуми;

(д) Постои слаба расположливост на холистичко образование за ран детски развој, како и објекти и институции; и
(ѓ) Верското образование може да биде фактор за поделба и конфликт помеѓу децата во училиштата, и не придонесува доволно кон создавање на дух на разбирање, толерантност и пријателство помеѓу сите етнички и верски групи како што се предвидува со Член 29(1)(г) од Конвенцијата.

**66.** Комитетот ги дава следните препораки на државата членка (мониторингот се однесува на наведената препорака, а ги исклучува другите):

(а) Да се продолжат и зајакнат мерките за промовирање на интеграцијата на ромските деца во редовното образование, особено преку сензитивизирање на наставниците и другите професионалци и помош за семејствата кои се соочуваат со економски потешкотии;

## Анализа

1. Реинтеграција во образовниот процес на национално и локално ниво

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Кога станува збор на реинтеграција на децата во образовниот процес претставниците на училиштата најчесто потенцираат дека во овој сегмент припаѓаат деца кои се од семејства во ризик, припадници на ромската зедница, деца од социјално загрозени семејства и сл.

Училиштата укажуваат дека имаат вакви мерки за реинтеграција при што може да се заклучи дека најчесто станува збор за социјални механизими кои овозможуваат некаква поддршка на детето и родителите со цел детето да се задржи во училиште. Од вкупно 80 контактирани училишта 37 изјавуваат дека во своите програми предвидуваат мерки за реинтеграција, при што наведуваат најразлични форми како на пример паричен додаток кој се доделува во соработка со Министерството за труд и социјална политика, разни ослободувања од давачки како на пример гратис униформи, бесплатен школски прибор, обезбеден превоз, донации од другите деца и од заедницата преку посебно организирани акции. Треба да се потенцира дека кај сите училишта има вакви мерки во различен број, но во многу мал дел од нив овие мерки се претставени како посебна програма за реинтеграција, а најчесто истите се составен дел на годишната програма на училиштето.

| Општина/Град | Број на контактирани училишта | | | Број на училишта според локација | | | Број на училишта кои имаат мерки за интеграција | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основни | Средни | Вкупно | Урбани | Рурални | Вкупно | Основни | Средни | Вкупно |
| Куманово | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 1 | 1 | 2 |
| Тетово | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 6 |
| Виница | 4 | 1 | 5 | 4 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 |
| Штип | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 1 | 2 | 3 |
| Гевгелија | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 1 | 0 | 1 |
| Струга | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 |
| Дебар | 3 | 2 | 5 | 3 | 2 | 5 | 3 | 2 | 5 |
| Битола | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 3 | 0 | 3 |
| Прилеп | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 |
| Гостивар | 3 | 3 | 6 | 4 | 2 | 6 | 3 | 3 | 6 |
| Ресен | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 3 | 2 | 1 | 3 |
| Охрид | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 | 1 | 2 | 3 |
| Скопје | 12 | 4 | 16 | 13 | 3 | 16 | 0 | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | **51** | **29** | **80** | **61** | **19** | **80** | **18** | **19** | **37** |

**Табела 3** – Училишта кои имаат вклучени мерки за интеграција на децата во ризик

2. Застапеност на децата Роми во специјалните образовни установи

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Во мониторинг перидот не се обезбедени податоци за бројот на деца Роми кои посетуваат специјални образовни установи. Според забелешките на Комитетот на ОН може да се увиди дека децата Роми се запишуваат претежно во вакви установи иако во голем број случаи според нивните способности овие деца може да посетуваат редовен образовен процес. Кога ќе се обезбедат податоци за бројот на деца Роми запишани во овие институции, наспроти бројот на останатите деца Роми понатаму ќе се истражуваат и причините доколку се покаже точно тврдењето дека децата Роми во голем број се застапени во овие институции. Она што може сега да се потенцира дека во најголем број случаи родителот ја донесува одлуката за запишување на детето во посебна образовна установа, а мал е бројот на случаи кога детето ја носи одлуката доколку е способно. Коалиција СЕГА продолжува да работи на обезбедување податоци за овој индикатор. Во овој мониторинг период добиени се податоци за бројот на образовни институции за деца со посебни потреби, при што според податоците од Бирото за развој на образованието во Македонија има 5 посебни основни и 4 средни училишта како и 20 посебни паралелки во рамки на редовните основни училишта.

**Заклучок:** Може да се констатира дека мерките од најразлични национални стратегии и документи, закони и подзаконски акти се применуваат во рамки на училиштата кога станува збор за социјални механизми за реинтеграција. При тоа мора да се истакне дека училиштата не водат посебна политика за реинтеграција која ќе одговара точно на барањата на нивните ученици од овие целни групи, туку најчесто ги спроведуваат оние мерки за кои добиваат насоки од централно ниво. Соработката со Центрите за социјална работа не е многу изразена освен во испорака на бројки за деца кои се реинтегрирани во образовниот процес. Дополнително треба да се истражува застапеноста на децата Роми во специјални образовни установи или посебни паралелки во редовните училишта.

## 6.6 Член 29

1.Државите членки се согласни дека образованието на детето треба да биде насочено кон:

а) развој на личноста на детето, развој на надареноста и менталните и физичките способности до крајни граници.
б) развој на почитувањето на правата на човекот и основните слободи како и почитување на принципите содржани во Повелбата на Обединетите Нации.
в) развој на почитувањето на родителите на детето, неговиот културен идентитет, јазик и вредности, национални вредности на земјата во која живее и земјата од која потекнува, како и на цивилизациите кои се различни од неговата.
г) подготовка на детето за одговорен живот во слободното општество во дух на разбирањето, мирот, толеранцијата, еднаквоста на половите и пријателството меѓу сите народи, етнички, национални и верски групи и лица со автохтоно потекло.
д) развој на почитувањето на природната средина.

2. Ниедна одредба на овој член како ни членот 28 не смее да се толкува како да ја ограничува слободата на поединецот и органите да основаат и управуваат со образовни установи, имајќи го секогаш предвид почитувањето на принципите изложени во точката 1 од овој член и под услов образованието во такви институции да биде во согласност со минималните стандарди кои може да ги пропише државата.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 65 и 66

**65.** Комитетот забележува дека правото на образование на сите деца државјани и жители без државјанство им е загарантирано со закон, дека се прават заложби за да се подобри квалитетот на образованието, и дека државата членка планира да воведе условени кеш трансфери со цел да се поттикне запишувањето и посетата во средните училишта. Меѓутоа, комитетот искажува загриженост во однос на следното:

(а) Постојат пречки за пристапот до образование за децата кои не се регистрирани при раѓање и децата кои не поседуваат документи за лична идентификација, децата со пречки во развојот и децата на улица;
(б) Постои нагорен тренд на поделби по етничка линија во училиштата, што резултираше во диспаритет во квалитетот на образованието и ограничени можности за децата кои припаѓаат на разни заедници за да стапуваат во интеракција помеѓу себе и интензивирање на меѓу-етничките насилства;
(в) Стапката на запишување и завршување на основното училиште останува многу ниска кај ромските деца, особено за девојчињата, и дека ромските деца се соочуваат со сегрегација и дискриминаторски третман во училиштата;
(г) Ромските деца се наводно премногу застапени во училиштата за деца со посебни потреби и дека одлуката за упатување на децата во таквите училишта не ја носат интердисциплинарни тимови и врз основа на објективни критериуми;

(д) Постои слаба расположливост на холистичко образование за ран детски развој, како и објекти и институции; и
(ѓ) Верското образование може да биде фактор за поделба и конфликт помеѓу децата во училиштата, и не придонесува доволно кон создавање на дух на разбирање, толерантност и пријателство помеѓу сите етнички и верски групи како што се предвидува со Член 29(1)(г) од Конвенцијата.

**66.** Комитетот ги дава следните препораки на државата членка (мониторингот е фокусиран на посочените две препораки):

(в) Работа со заедниците за да се поттикне запишувањето на децата во етнички мешани училишта и обезбедување на можности во пракса за децата од различни заедници да учат заедно на начин кој овозможува секојдневна интеракција и можности да учат едни за други. Државата членка треба да презeме моментални мерки за одвраќање на моменталниот тренд за сегрегација по етничка линија на сите нивоа – национално, регионално и општинско;
(г) Земајќи го во предвид општиот коментар Бр. 1 на Комитетот (CRC/GC/2001/1) за целите на образованието и Членот 29(1) од Конвенцијата, Комитетот препорачува државата членка да инвестира во обуката на наставниците, во развојот на наставните планови, учебници и други помагала за активно промовирање на разбирањето, толерантноста и мулти-културната солидарност и кохезија во разни етнички и верски заедници.

## Анализа

1. Примена на стратегијата за интегрирано образование на локално ниво

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Министерството за образование и наука вложува напори за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование на локално ниво. При тоа Министерството има воспоставен проектен тим кој е задолжен да го следи спроведувањето на проектите и да поднесува извештаи во врска со тоа. Поддршката што се добива од странските донатори (како УСАИД и Норвешка Амбасада) е за реализација на проекти кои ќе значат имплементирање на петте мерки од стратегијата меѓу кои влегуваат обуки за наставници и раководен кадар, изучување на јазиците на другите етнички заедници, активности со меѓукултурна димензија, активности за јакнење на капацитетот на училиштата за работа со етнички мешани групи, печатење на учебници и други помагала. Од друга страна на локално ниво општините известуваат најчесто дека во рамки на нивните сектори за образование оваа стратегија не се спроведува посебно туку дека спроведувањето е директно во соработка помеѓу Министерството и училиштата. Така од 14 општини и 15 рурални места кои се мониторирани, 5 (Тетово, Виница, Штип, Гостивар, Ресен) изјавуваат дека на некаков начин во нивните годишни програми и акциони планови вклучиле мерки од Стратегијата за интегрирано образование. Од мониторирани 80 училишта, 16 изјавуваат дека во нивните годишни програми се вклучени мерки од Стратегијата за интегрирано образование, при тоа само 4 од овие

училишта се од рурални средини. Треба да се истакне дека многу од училиштата не се запознати со оваа стратегија посебно, но учествуваат во проектите кои всушност значат реализација на оваа стратегија. Тоа значи пак дека насоките за вклучување во вакви проекти се добиваат од страна на секторите за образование на локално ниво, во вакви проекти се добиваат од страна на секторите за образование на локално ниво, додека планирањето на активности самостојно во рамки на програмите на училиштата речиси и да не е застапено. Ова посебно важи за училиштата кои функционираат во општини во кои доминира една етничка група.

| Општина | Број на контактирани училишта | | | Број на училишта кои имаат вклучено мерки од стратегијата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основни | Средни | Вкупно | Основни | Средни | Урбани | Рурални |
| Куманово | 3 | 2 | 5 | 1 | 2 | 3 | 0 |
| Тетово | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Виница | 4 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Штип | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струга | 3 | 2 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Дебар | 3 | 2 | 5 | 2 | 1 | 2 | 1 |
| Битола | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 3 | 2 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Гостивар | 3 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ресен | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 3 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Скопје | 12 | 4 | 16 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Вкупно:** | **51** | **29** | **80** | **7** | **9** | **12** | **4** |

**Табела 4** – Училишта кои имаат вклучени мерки од Стратегијата за интегрирано образование

Од друга страна 54 училишта истакнуваат дека имаат некакви активности во наставниот курикулум кои во себе имаат меѓукултурна димензија, при што 11 од нив се од рурални места. При тоа најчесто станува збор за активности за изучување на културата, обичаите, традицијата, турнири, манифестации и сл. што до одредена мерка може да значи имплементација на мерките од стратегијата за интегрирано образование. Според податоците од Бирото за развој на образованието сите училишта 350 основни, и 100 средни имаат вакви активности во нивните курикулуми. Бирото ги посочува скоро истите активности со меѓукултурна димензија како и училиштата. По однос на наставните предмети во кои е застапена меѓукултурната димензија, Бирото изјавува дека најчесто вакви содржини има во рамки на предметите Историја и Граѓанско образование во средно и основно училиште, како и во рамки на изборните предмети Етика на религии и Запознавање со религии во основно училиште.

| Општина | Број на училишта кои вклучуваат меѓукултурна димензија во курикулумот | | | Број на училишта кои вклучуваат меѓукултурна димензија во курикулумот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основни | Средни | Вкупно | Урбани | Рурални | Вкупно |
| Куманово | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 |
| Тетово | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 6 |
| Виница | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 3 |
| Штип | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струга | 2 | 2 | 4 | 4 | 0 | 4 |
| Дебар | 3 | 2 | 5 | 3 | 2 | 5 |
| Битола | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 |
| Прилеп | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 2 |
| Гостивар | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 |
| Ресен | 2 | 1 | 3 | 3 | 0 | 3 |
| Охрид | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 | 5 |
| Скопје | 3 | 3 | 6 | 5 | 1 | 6 |
| **Вкупно:** | **31** | **23** | **54** | **43** | **11** | **54** |

**Табела 5** – Училишта кои вклучуваат мултикултурни активности во курикулумот

2. Публикувани учебници и помагала за мултикултурна солидарност и кохезија

Во овој мониторинг период податоци за овој индикатор се обезбедени само од Бирото за развој на образованието кое изјавува дека тие не публикуваат учебници и помагала за мултикултурна солидарност и кохезија. Коалиција СЕГА продолжува да работи со цел да обезбеди вакви податоци за следниот мониторинг.

3. Обуки за наставници за меѓукултурно разбирање

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**

Од вкупно 80 контактирани училишта ниту едно не дало податоци дека од страна на надлежните институции или НВОи во претходните две години им се испорачани обуки за наставници за меѓукултурно разбирање. Министерството за образование и наука известува дека вакви обуки како за наставниците така и за кадарот од локалната самоуправа се составен дел од Стратегијата за интегрирано образование и се планирани да се спроведуваат. Според податоците од Бирото за развој на образованието Министерството во рамки на поединечни проекти кои ги реализира во соработка со странски донатори организира обуки за наставници за меѓукултурно разбирање и тоа на македонски, албански, турски и српски јазик. Останува по однос на овој сегмент дополнително да се истражуваат податоци во соработка со Педагошката служба во Министерството. Од контактираните НВОи 11 изјавуваат дека испорачувале обуки за меѓукултурно разбирање, но треба да се потенцира дека сепак најголем дел од овие НВОи обуките ги испорачувале многу одамна или пак ги испорачувале на ученици, а не за наставничкиот кадар. Неколку НВОи посебно работат на испорака на обуки за наставници и имаат сертификати од областа на меѓукултурното образование.

4. Етничка поделеност во училиштата

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**

Според податоците добиени од Бирото за развој на образованието има 103 основни училишта со мешан етнички состав и 33 средни. Распоредот по општини е даден во табелата.

| Општина | Број на етнички мешани училишта | |
|---|---|---|
| | Основни | Средни |
| Скопје | | 13 |
| Гази Баба | 2 | |
| Карпош | 1 | |
| Аеродром | 1 | |
| Кисела Вода | 1 | |
| Чаир | 7 | |
| Бутел | 3 | |
| Шуто Оризари | 1 | |
| Чучер Сандево | 2 | |
| Студеничани | 3 | |
| Зелениково | 1 | |
| Ѓорче Петров | 1 | |
| Сарај | 2 | |
| Арачиново | 1 | |
| Петровец | 2 | |
| Радовиш | | 1 |
| Дебар | | 1 |
| Ресен | | 1 |
| Центар Жупа | | 1 |
| Гостивар | 11 | 3 |
| Струга | 4 | 2 |
| Велес | 3 | 1 |
| Куманово | 5 | 3 |
| Кичево | 3 | 1 |
| Тетово | 16 | 6 |
| Струмица | 8 | |
| Штип | 6 | |
| Битола | 8 | |
| Кавадарци | 2 | |
| Прилеп | 7 | |
| Охрид | 2 | |

Најголем дел од училиштата кои имаат ученици од мешовит етнички состав обезбедиле услови за изведување заедничка настава за сите ученици. Така, од вкупно 80 контактирани училишта, само 14 изјавуваат дека имаат ученици кои се од различен етнички состав и кои учат во различни смени односно објекти. Треба да се напомене дека и во овие училишта не станува збор за делење на учениците по етничка основа, туку според изјавите на претставниците децата се поделени заради немањето физички услови наставата да се изведува во еден објект. Исто така претставниците на училиштата изјавуваат дека децата учат групирани во различни смени, на пример 1 и 3 година, 2 и 4, но тоа не е поделба по етничка линија. Бирото за развој на образованието нема податоци за начинот на распределба на учениците по смени и по објекти.

Од Министерството за образование и наука во овој мониторинг период не се обезбедени податоци со цел истите да се компарираат со изјавите од училиштата.

**Заклучок:** И од страна на Министерството за образование и наука, а и локално од училиштата се прават напори со цел да се надмине било каква етничка поделеност и да се обезбеди поголем степен на интеграција на сите деца без оглед на нивната етничка припадност. Тоа се гледа во напорите децата да не се делат по етничка линија и тогаш кога заради работните услови мора да постои физичка поделба. Училиштата информираат за активности кои значат доближување на децата од различни етнички заедници, но сепак најчесто станува збор за забавни активности, натпревари, акции и сл.

Изостануваат активности од типот изучување на јазиците на другите етникуми, различни се исказите на училиштата и надлежните институции по однос на испораките на обуки за наставници за мултикултурно разбирање. Исто така изостануваат активности од типот печатење на учебници и други помагала и сл. Примената на стратегијата за интегрирано образование на локално ниво е многу мала, посебно во руралните места. На национално ниво се донесуваат политики како Стратегијата за интегрирано образование и се планираат проекти кои значат реализација на мерките за интеграција. Но на локално ниво, училиштата и локалните самоуправи не се вклучени во процесите на планирање и дизајнирање на овие политики, туку се јавуваат само како имплементатори на директивите и насоките од централно ниво. Исто така и буџетски, најголем дел од средствата се обезбедни преку странски донатори за проекти за интеграција што пак не гарантира одржливост на активностите и реплицирање понатаму со сопствени финансии од училиштата или од Министерството.

## 6.7 Член 30

Во оние држави во кои постојат етнички, верски или јазични малцинства, или лица со автохтоно потекло, детето кое припаѓа на такво малцинство или е од автохтоно потекло не смее да биде лишено од правото во заедница со останатите принципи на групата на својата култура исповедување на својата вера и вршење верски обреди или употреба на свој јазик.

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 84 и 85

**84.** Иако поволно се оценува дека образованието на мајчин јазик е достапно за повеќето заедници, имено на македонски, албански, турски и српски јазик и воведувањето на "Ромски јазик и култура", Комитетот со жалење заклучува дека за одредени малцинства има ограничена достапност и слаб квалитет на образование, особено за заедниците на Ромите и Власите.

**85.** Комитетот ги дава следниве препораки на државата членка:
(а) Да се преземат сите неопходни мерки за заштита на правата на децата кои припаѓаат на малцинските групи, почитување на нивната култура и гарантирање на нивното искористување на правата кои се пропишани со националниот устав, домашниот закон и Конвенцијата;
(б) Да се обучат едукаторите и да се подготвуваат наставни планови, учебници и други помагала за да се зголеми расположливоста и да се подигне квалитетот на образованието на мајчин јазик, особено за децата Роми (за сите групи кои се служат со свој јазик) и Власи;
(в) Да се ратификува Европската повелба за регионални и малцински јазици, на која државата е потписник.

**Анализа:**

1. Персонал, учебници по Ромски и Влашки јазик и број на деца кои изучуваат Ромски и Влашки јазик

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Според податоците од Бирото за развој на образованието, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Министерството публикува учебници на Ромски и Влашки јазик и тоа: Ромски јазик - Јазик и култура на Ромите за 3, 4 и 5 одделение и Влашки јазик – Јазик и култура на Власите за 3, 4, 5 и 6 одделение. Според истите податоци 7 наставници предаваат Јазик и култура на Власите, а 11 Јазик и култура на Ромите во основните училишта. При тоа 2425 ученици слушаат изборен предмет Јазик и култура на Ромите и тоа во општините Шуто Оризари, Чаир, Делчево, Штип и Кичево. Од контактираните 74 училишта само во две училишта во Штип се изучува Јазик и култура на Ромите. При тоа двајца наставници предаваат Јазик и култура на Ромите, а во училиштето Ванчо Прќе 22 ученици ја слушаат наставата. За другото училиште во Штип нема податоци за бројот на деца кои слушаат настава по Јазик и култура на Ромите.

Според Бирото 496 деца слушаат настава по Јазик и култура на Власите во општините Битола, Крушево, Штип, Скопје и Велес. Од контактираните 74 училишта само во два града, Битола и Штип се изучува Јазик и култура на Власите.

При тоа и во двата града има по двајца наставници кои предаваат. Во Штип во училиштето Ванчо Прќе 19 деца слушаат Јазик и култура на Власите, додека за другото училиште нема податок. Во Битола вкупно 56 деца во двете училишта слушаат Јазик и култура на Власите.

**Заклучок:** Може да се констатира дека по однос на Влашкиот јазик во градовите каде е побарано и каде има население од Влашкиот етникум, обезбедени се услови за следење на Влашки јазик. По однос на Ромскиот јазик може да се каже дека во општините во кои има поголема застапеност на ова население се избира предметот Јазик и култура на Ромите, меѓутоа во оние места каде е помала застапеноста на Ромите и кај самата етничка заедница Роми треба да се работи на подигнување на свеста за изучување на Ромски јазик бидејќи се бара тоа од страна на припадниците на оваа заедница.

## 6.8 Член 42

**Државите членки се обврзуваат што пошироко да ги запознаат со принципите и одредбите на Конвенцијата како возрасните така и децата на соодветен начин.**

Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 20 и 21

**20.** Комитетот го поздравува и цени преводот на Конвенцијата на јазиците на заедниците, и изготвувањето на верзија на Конвенцијата по мерка на детето. Меѓутоа, Комитетот останува загрижен во однос на нискиот степен на свесност за одредбите на Конвенцијата кај пошироката јавност и особено кај децата.

**21.** Комитетот препорачува на државата членка да продолжи и да ги зголеми заложбите за дисеминација и промовирање на Конвенцијата за да се зголеми информираноста за Конвенцијата и за правата на детето кај пошироката јавност и особено кај децата.

### Анализа:

1. Дисеминација на Конвенцијата за правата на детето и едукација за правата на детето

**Наоди од мониторингот во 2013 година:**
Од 80 контактирани училишта само 4 изјавиле дека им биле доставени копии од Конвенцијата за правата на детето преку Министерството за образование и наука и дека тие копии понатаму се распределени помеѓу наставниците и се користат во образовниот процес.

Понатаму 8 училишта изјавуваат дека на друг начин добиле копии од Конвенцијата, најчесто преку активностите кои Коалиција СЕГА ги организираше со цел спроведување на детските права во училиштата. При тоа 3 од овие училишта се од рурални средини. Иако во Министерството за образование и наука изјавуваат дека вакви копии постојано се делат, сепак на терен тоа не е случај. Запознавањето со Конвенцијата и едукација на децата, родителите и наставниците е предвидено и како мерка во Националната стратегија за борба против сиромаштијата.

Од вкупно 80 контактирани училишта, 22 (2 рурални, а 20 урбани) учествувале во обуки и семинари поврзани со Конвенцијата за правата на детето при што биле испорачани вкупно 52 обуки и семинари. Треба да се напомене дека најголем дел од овие обуки се испорачувани во Скопје. Исто така 23 училишта изјавуваат дека тие учествувале на вакви обуки преку заеднички проектни активности со други организации, при што најчесто ги потенцираат активностите на Коалиција СЕГА. Според податоците од Бирото за развој на образованието во рамки на наставниот предмет Граѓанско образование, Бирото ги обучува наставниците и на тема права на детето.

**Заклучок:** Може да се констатира дека не постои систематски пристап во организирање и спроведување на информирање и едукација во врска со Конвенцијата за правата на детето. Изолирани активности има претежно до страна на некои НВОи, Народниот правобранител, додека поретко од Министерството за образование наука како надлежна институција во делот на образованието.

# 7. Препораки

Може да се заклучи дека во одредени области како на пример детското организирање во училиштата, регулирање на детското учество и заштитата на детските права има одреден напредок споредбено со претходниот извештај од 2011 година. Овој напредок се должи пред се на вклучување на одредени училишта во проекти и активности иницирани и финансирани од странски донатори, а во мониторингот кој го спроведува Коалиција СЕГА финансирани од Детската Фондација Песталоци, преку кои се адресираат наведените прашања и на таков начин им се помага на училиштата да ги унапредат своите пракси во тие сегменти.

Сепак поголемиот дел од препораките кои се дадени во извештајот од 2011 година а кои се однесуваат на улогата на националните институции и локалната самоуправа се сеуште актуелни. Исто така актуелни се и препораките кои се дадени за поголем ангажман на граѓанските организации преку застапување на национално ниво.

Со цел полесно следење на исполнувањето на препораките кои се всушност и крајната цел на овој мониторинг, во овој извештај ќе бидат презентирани одреден број специфични препораки:

- Се препорачува да се организира и систематски да се спроведе сеопфатна едукација за содржината и спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето и последователната законска регулатива во која се трансферирани одредбите од Конвенцијата.

Едукацијата може да започне од училиштата со вклучување на целокупниот наставен и раководен кадар. При тоа битно е што поголем број на основни и средни училишта да се вклучат во системот на едукација, а посебно оние од руралните средини.

- Се препорачува на училиштата на своите веб страни да ја постават Конвенцијата за правата на детето како и некои нови кодекси, правилници и други механизми и документи преку кои се операционализира извршувањето на Конвенцијата.

- Националната комисија за правата на детето потребно е да организира почести средби и дебати кои ќе вклучат поголем број граѓански организации и институции, а на кои ќе се дискутираат и координираат активности кои се во насока на спроведување на Националниот акционен план за правата на детето.

- Народниот правобранител во соработка со граѓански организации да спроведе едукација за дискриминацијата на децата, постапката и органите за пријавување дискриминација.

- Да се испланира и да отпочне со реализација специфична програма за креирање механизми и начини за спроведување на детските права во рамки на работата на локалната самоуправа и другите локални институции (освен училиштата). Во оваа програма треба да се искористат позитивните резултати од работата на граѓанските организации со училиштата.

■ На граѓанските организации кои работат со деца во ризик или маргинализирани деца им се препорачува да се регистрираат со својата активности во регистарот на Министерството за труд и социјална политика и да спроведат процес на фокусирање на своите програми и нивно меѓусебно надополнување со цел поефективен третман на детските права и полесно следење на резултатите.

■ Министерството за образование и наука во соработка со конкретни општини да ги земе во предвид списанијата кои ги издаваат училиштата и да ги разгледа можностите за обезбедување делумна финансиска поддршка за нивно издавање, зголемување на фреквенцијата на издавање и тиражот.

■ Се препорачува на Владата при определување на државниот буџет да ги земе во предвид потребите за едукација и информирање на децата и да субвенционира медиуми кои ќе воведат детски едукативни емисии.

■ На ниво на училишта се препорачува воведување на пишани кодекси и правилници за превенција на дискриминацијата на децата, како и пишани процедури за постапување на педагошката служба при случаи на дискриминација. Овие кодекси и процедури треба да предвидат и процес на едукација на децата и родителите за можните форми и видови дискриминација и правата на децата во такви случаи.

■ Моделот дете правобранител да се документира и да се предложи до Министерството за образование и наука како задолжителен механизам за заштита на детските права во училиштата.

■ Се препорачува на Државниот просветен инспекторат вклучување на дел од мониторинг индикаторите од овој извештај кои се однесуваат на училиштата, во евалуацијата на училиштата.

■ Со цел промоција и подобрување на спроведувањето на Стратегијата за интегрирано образование, Министерството за образование и наука потребно е да спроведе поширока едукација за стратегијата како за училиштата, така и за локалната самоуправа и другите локални институции. При тоа треба да побара од училиштата планови и проекти за реализација на мерките предвидени во Стратегијата. Важно е сите училишта без оглед дали работат со деца од повеќе етникуми да приготвуваат и реализираат вакви планови.

■ Се поттикнуваат училиштата да развиваат сопствени програми со цел реинтеграција на маргинализираните деца во образовниот систем. Овие програми треба да се различни од оние кои се предвидени од Министерството за труд и социјална политика и да се финансираат преку локални фондови и од буџетите на училиштата.

■Граѓанските организации да се обединат во застапувањето на прашањата во врска со спроведувањето на Конвенцијата. При тоа настапот на граѓанските здруженија треба да биде единствен како пред Парламентот, така и пред Владата и другите релевантни национални институции кои се засегнати со спроведувањето на детските права.

■На локално ниво да се формираат локални мрежи на ученички организации од средните и основните училишта кои ќе настапуваат заеднички на национално ниво како и за одредени прашања до локалната самоуправа и другите локални институции.

■Се препорачува воведување на содржини за правото на учество на децата во донесувањето одлуки во рамки на наставните програми. Како предлог може да се даде воведување на дополнителни курикулуми од оваа сфера во предметите Животни вештини и Граѓанско образование во основните училишта, како и предметот Социологија и некои други стручни предмети во средните училишта.

■Со оние училишта кои издаваат списанија се препорачува да се отпочне темелна ревизија на носечките рубрики на списанијата со цел да се одвои место за содржини од областа на детските права, како информативни, така и едукативни. Покрај вакви рубрики се препорачува да се воведат и редовни рубрики за активностите на училишната заедница како репрезент на учениците.

■Се препорачува граѓанските организации и училиштата да спроведат едукација кај Ромското население (за почеток во оние градови каде го има застапено во поголем број) со цел промоција на можноста за изучување на Ромскиот јазик во училиштата.

## Прилог 1 - Приказ на индикаторите според членови на Конвенцијата и препораките од Комитетот

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| Член 12:<br><br>1. Државите членки му обезбедуваат на детето кое е способно да формира сопствено мислење, право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето, со тоа што на мислењето на детето му се посветува должно внимание во согласност со возраста и зрелоста на детето.<br><br>2. За таа цел на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се донесуваат на него, било непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин кој е во согласност со процедуралните правила на националното законодавство.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 10, 11, 30 и 31 | Клучен Индикатор 1:<br>Учеството на децата во училиштата и локалната заедница регулирано во националното законодавство | Индикатор 1.1.:<br>Учеството на децата во училиштата регулирано во Законот за основно образование |
| | | Индикатор 1.2.:<br>Учеството на децата регулирано со Законот за средно образование |
| | | Индикатор 1.3.:<br>Учеството на децата регулирано со Законот за локална самоуправа |
| | Клучен Индикатор 2:<br>Учеството на децата во националните и локалните институции регулирано во индивидуалните акти на институциите | Индикатор 2.1.:<br>Број на основни и средни училишта кои во постоечките училишни акти го регулирале учеството на децата во донесувањето на одлуки или усвоиле нови акти (правилници) |
| | | Индикатор 2.2.:<br>Број на локални самоуправи кои во постоечките општински акти го регулирале учеството на децата во донесувањето на одлуки или усвоиле нови акти (правилници) |
| | Клучен индикатор 3:<br>Зголемено учество на децата во донесувањето на одлуки на национално и локално ниво | Индикатор 3.1.:<br>Број на претставници на национални и локални институции вклучени во процесите за зголемување на учеството на децата во донесувањето на одлуки |
| | | Индикатор 3.2.:<br>Националната комисија за правата на децата ги консултира децата во донесувањето на одлуки |
| | | Индикатор 3.3.:<br>Парламентарните комисии ги консултираат децата во донесувањето на одлуки по прашања кои ги засегаат децата |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| | | **Индикатор 3.4.:**<br>Локалните самоуправи ги консултираат децата во донесувањето на одлуки по прашања кои ги засегаат децата |
| | | **Индикатор 3.5.:**<br>Број на училишта кои ги вклучуваат децата во донесувањето на одлуки по прашања кои ги засегаат децата |
| | | **Индикатор 3.6.:**<br>Број на информирани и обучени деца за учество во донесување на одлуки по прашања кои ги засегаат нив во училиштата |
| | | **Индикатор 3.7.:**<br>Број на информирани и обучени деца за учество во донесување на одлуки по прашања кои ги засегаат нив во локалната заедница |
| **Член 13:**<br><br>1. Детето има право на слобода на изразување кое опфаќа и слобода да бара, прима и дава информации и идеи од секаков вид, без оглед на граници, било усно или писмено или низ печатот, по пат на уметност или некој друг медиум по избор на детето.<br><br>2. Остварувањето на ова право може да подлежи на извесни ограничувања, меѓутоа само на оние кои се одредени со закон и кои се неопходи,<br>а) заради почитување на правата или угледот на другите или<br>б) заради заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал. | **Клучен Индикатор 4 :**<br>Децата можат да бараат, примаат и даваат информации преку разновидни медиуми обезбедени од страна на државата | **Индикатор 4.1.:**<br>Број на списанија и весници кои им се достапни на децата за да може да бараат, примаат и даваат информации за прашања кои ги засегаат во училиштата |
| | | **Индикатор 4.2.:**<br>Број на електронски медиуми (радија, телевизии, интернет портали) кои им се достапни на децата за да може да бараат, примаат и даваат информации за прашања кои ги засегаат во училиштата |
| | **Клучен Индикатор 5 :**<br>Децата се заштитени од содржини во електронските медиуми кои се непримерни за нивната возраст | **Индикатор 5.1.:**<br>Број на електронски медиуми (радија, телевизии) кои го почитуваат Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
| --- | --- | --- |
| Член 14:<br><br>1. Државите членки го почитуваат правото на детето на слобода на мислење, совест и вероисповед.<br><br>2. Државите членки ги почитуваат правата и должностите на родителите и, каде што е таков случајот, на законските старатели да го насочуваат детето во остварувањето на неговото право на начин кој е во согласност со развојот на неговите способности.<br><br>3. Слободата на изразување на вероисповедта или убедувањето може да подлежи само на оние ограничувања кои се пропишани со закон и кои се неопходни заради заштита на јавната сигурност, ред, здравје или морал или на основните права и слободи на другите. | Клучен Индикатор 6:<br>Училиштата им овозможуваат на децата слободно да ја изразуваат својата вероисповед и убедување | Индикатор 6.1.:<br>Број на основни училишта кои им овозможуваат на децата од 6то одделение слободно да се определуваат за избор на еден од предметите Етика на религии, Запознавање на религиите и Класична култура во европската цивилизација |
| | | Индикатор 6.2.:<br>Наставните програми во селектираните училишта по предметите Етика на религии, Запознавање на религиите и Класична култура во европската цивилизација за основно образование и Социологија за средно образование ги почитуваат правата на децата за слободно изразување на својата вероисповед и убедување |
| Член 15:<br><br>1. Државите членки го признаваат правото на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање.<br><br>2. Не може да се наметнуваат никакви ограничувања во остварувањето на овие права освен оние кои се во согласност со законот и кои се неопходни во демократско општество во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, јавниот поредок, заштита на јавното здравје или морал, или заштита на правата и слободите на другите. | Клучен Индикатор 7:<br>Училиштата имаат механизми преку кои децата може слободно да се здружуваат во рамките на образовните институции | Индикатор 7.1.:<br>Број на детски организации во училиштата (основни и средни) |
| | | Индикатор 7.2.:<br>Број на деца членови на детските организации во училиштата (основни и средни) |
| | Клучен Индикатор 8:<br>Децата слободно да се здружуваат надвор од училиштата во чадор организации на локално и национално ниво | Индикатор 8.1.:<br>Број на чадор организации каде членуваат детските организации од училиштата (основни и средни) |

## Прилог 2 - Приказ на индикаторите според членови на Конвенцијата и препораките од Комитетот

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| Член 2:<br>1. Државите членки на оваа Конвенција ќе ги почитуваат и ќе ги обезбедат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна состојба, неспособност, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски старател.<br>2. Државите членки ќе ги преземаат сите потребни мерки за да ја обезбедат заштитата на детето од сите форми на дискриминација или казни засновани на статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, законските старатели или членовите на семејствата на детето.<br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 26, 27 | Клучен Индикатор 1:<br><br>Законската регулатива за заштита на децата од дискриминација е усогласена со меѓународните стандарди и започнува да се применува од страна на надлежните локални и национални институции | Индикатор 1.1.:<br>Број на нови членови вклучени во Законот за спречување и заштита од дискриминација со цел да се обезбеди усогласување со интернационалните и регионалните стандарди против детската дискриминација.<br><br>Индикатор 1.2.:<br>Развиени и применети процедури за превенција од детска дискриминација.<br><br>Индикатор 1.3.:<br>Број на пријавени случаи на детска дискриминација до Државниот Правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација. |
| Член 3 :<br>1. Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето без оглед дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, административните органи или законодавните тела.<br>2. Државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа која е неопходна за негово добро, имајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законски старатели или други поединци кои се правно одговорни за детето, и за таа цел ги преземаат сите потребни законодавни и административни мерки.<br>3. Државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со стандардите кои ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето во бројот и подробноста на персоналот како и во стручниот надзор.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 28, 29, 79 и 80 | Клучен Индикатор 2:<br><br>Законската регулатива од областа на детската заштита и семејството, како и од делот на малолетничка правда, го инкорпорира принципот на заштита на најдобриот интерес на детето. | Индикатор 2.1.:<br>Број на закони кои го пропишуваат принципот на заштита на најдобриот интерес на детето<br><br>Индикатор 2.2.:<br>Број на подзаконски акти и процедури кои го операционализираат извршувањето на најдобриот интерес на детето преку институциите |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| Член 4:<br>Државите членки ги преземаат сите потребни законодавни, административни и други мерки за остварување на правата признати во оваа Конвенција. Во врска со економските, социјалните и културните права, државите членки преземаат такви мерки максимално користејќи ги своите расположливи средства, а каде што е потребно во рамките на меѓународната соработка.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 8, 9, 24 и 25 | Клучен Индикатор 3:<br><br>Националното законодавство е усогласено со меѓународните прописи и стандарди во консултација со граѓанскиот сектор | Индикатор 3.1.:<br>Стратегија за соработка на Владата со граѓански организации пропишува процедура за креирање политика за деца |
| | | Индикатор 3.2.:<br>Националната Комисија ги консултира НВОите во процесите на креирање политики преку различни алатки, освен НВОите членки во Комисијата |
| | | Индикатор 3.3.:<br>Број на организирани средби и консултации од страна на Националната комисија со НВОи со цел учество во процеси на креирање на политика за деца |
| Член 27:<br>1. Државите членки го признаваат правото на секое дете на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој на детето.<br>2. Родител(ите) или другите лица одговорни за детето првенствено се одговорни во рамките на своите способности и финансиски можности да му обезбедат на детето животни услови потреби за негов развој.<br>3. Државите членки во согласност со националните услови и своите можности преземаат соодветни мерки за помош на родителите и другите лица одговорни за детето со цел остварување на ова право и во случај на потреба за обезбедување на материјална помош и програми за поддршка посебно во поглед на исхрана, облека и домување.<br>4. Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат детето да добие издржување од родителите или другите лица кои се финансиски одговорни за детето како во рамките на државата членка така и од странство.<br>Посебно доколку лицето кое е финансиски одговорно за детето, не живее во иста држава со него, државите членки поттикнуваат пристапување кон меѓународните спогодби односно склучување на такви спогодби како и други соодветни аранжмани.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 63 и 64 | Клучен Индикатор 4:<br><br>Децата во ранлива состојба се соодветно третирани од државата преку обезбедување на материјална и социјална поддршка | Индикатор 4.1.:<br>Број на национални стратегии и програми кои предвидуваат вклученост на децата од ранливите групи во системот на социјална заштита и обезбедување на детски додаток |
| | | Индикатор 4.2.:<br>Измени и дополнување на критериумите за детски додаток со цел вклученост на ранливите групи деца |
| | | Индикатор 4.3.:<br>Број на достапни механизми за социјална заштита на маргинализирани деца |
| | | Индикатор 4.4.:<br>Број на НВОи регистрирани за обезбедување на услуги за маргинализирани деца |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| Член 28:<br><br>1. Државите членки го признаваат правото на детето на образование и со цел за постепено остварување на тоа право на основа на еднакви можности, посебно:<br>а) го прогласуваат основното образование задолжително и бесплатно за сите.<br>б) го поттикнуваат развојот на различни форми средношколско образование вклучувајќи општо и стручно образование кое е достапно за сите деца и преземаат соодветни мерки како што се воведување бесплатно образование и давање финансиска помош во случај на потреба.<br>в) на сите им овозможуваат стекнување високо образование врз основа на способноста, користејќи прикладни средства.<br>г) на сите деца им ставаат на располагање образовни и стручни информации и услуги за професионална ориентација.<br>д) преземаат мерки за поттикнување на редовното посетување на школото и намалување на отпишувањата од училиште.<br>2. Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за да може да се спроведува дисциплината во училиштата на начин кој е во согласност со човековото достоинство на детето и оваа Конвенција.<br>3. Државите членки ја унапредуваат и поттикнуваат меѓународната соработка за прашањата кои се однесуваат на образованието посебно заради давање придонес во елиминацијата на незнаењето и неписменоста во светот и олеснување на пристапот кон науката и техничките знаења и современите методи на настава. Во тој поглед посебно внимание им се посветува на земјите во развој.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 65 и 66 | Клучен Индикатор 5:<br><br>Образовните институции обезбедуваат механизми за ефикасно интегрирање на ранливите категории на деца во образовните процеси | Индикатор 5.1.:<br>Мерките за реинтеграција се застапени во образованите програми на национално и локално ниво.<br><br>Индикатор 5.2.:<br>Број на деца од ромска националност запишани во специјални образовни институции |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| Член 29:<br><br>1. Државите членки се согласни дека образованието на детето треба да биде насочено кон:<br>а) развој на личноста на детето, развој на надареноста и менталните и физичките способности до крајни граници.<br>б) развој на почитувањето на правата на човекот и основните слободи како и почитување на принципите содржани во Повелбата на Обединетите Нации.<br>в) развој на почитувањето на родителите на детето, неговиот културен идентитет, јазик и вредности, национални вредности на земјата во која живее и земјата од која потекнува, како и на цивилизациите кои се различни од неговата.<br>г) подготовка на детето за одговорен живот во слободното општество во дух на разбирањето, мирот, толеранцијата, еднаквоста на половите и пријателството меѓу сите народи, етнички, национални и верски групи и лица со автохтоно потекло.<br>д) развој на почитувањето на природната средина.<br>2. Ниедна одредба на овој член како ни членот 28 не смее да се толкува како да ја ограничува слободата на поединецот и органите да основаат и управуваат со образовни установи, имајќи го секогаш предвид почитувањето на принципите изложени во точката 1 од овој член и под услов образованието во такви институции да биде во согласност со минималните стандарди кои може да ги пропише државата.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 65 и 66 | Клучен Индикатор 6:<br><br>Националните и локалните образовни институции промовираат и применуваат мерки за ефективно меѓукултурно образование | Индикатор 6.1.:<br>Мерките од стратегијата за интегрирано образование се преземени и вклучени во локалните образовни програми на ЕЛС и училиштата<br><br>Индикатор 6.2.:<br>Број на публикувани учебници и други помагала за мултикултурна солидарност и кохезија од страна на националните образовни институции<br><br>Индикатор 6.3.:<br>Број на испорачани обуки на наставници за меѓукултурно разбирање<br><br>Индикатор 6.4.:<br>Број на училишта кои спроведуваат активности кои имаат меѓукултурна димензија во својот курикулум<br><br>Индикатор 6.5.:<br>Број на училишта кои што имаат етнички мешани ученици кои што учат во различни смени и/или објекти |
| Член 30:<br><br>Во оние држави во кои постојат етнички, верски или јазични малцинства, или лица со автохтоно потекло, детето кое припаѓа на такво малцинство или е од автохтоно потекло не смее да биде лишено од правото во заедница со останатите принципи на групата на својата култура исповедување на својата вера и вршење верски обреди или употреба на свој јазик.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 84 и 85 | Клучен Индикатор 7:<br><br>Квалитетно и ефикасно образование на ромски и влашки јазик е интегрирано во образовниот систем во РМ | Индикатор 7.1.:<br>Број на публикувани учебници за образование на јазик на малцинствата, посебно на Ромски и Влашки јазик<br><br>Индикатор 7.2.:<br>Број на квалификуван персонал на училишно ниво да предава на ромски и влашки јазик<br><br>Индикатор 7.3.:<br>Број на деца од ромска и влашка националност кои што посетуваат образование на мајчин јазик |

| Член/Препорака од Конвенцијата за правата на детето | Клучен индикатор | Индикатор |
|---|---|---|
| **Член 42:**<br><br>Државите членки се обврзуваат што пошироко да ги запознаат со принципите и одредбите на Конвенцијата како возрасните така и децата на соодветен начин.<br><br>Препораки на Комитетот за заштита на правата на децата – Параграфи 20 и 21 | **Клучен Индикатор 8:**<br><br>Наставниот кадар и учениците се запознати со содржината на КПД | **Индикатор 8.1.:**<br>Мерките од стратегијата за интегрирано образование се преземени и вклучени во локалните образовни програми на ЕЛС и училиштата |
| | | **Индикатор 8.2.:**<br>Број на публикувани учебници и други помагала за мултикултурна солидарност и кохезија од страна на националните образовни институции |

## Прилог 3 - Преглед на вкупниот број на контактирани институции

| Институција | Број на контактирани институции – април 2012 | Број на контактирани институции – октомври 2012 | Број на контактирани институции – март 2013 |
|---|---|---|---|
| Основни училишта | 34 | 33 | 51 |
| Средни училишта | 26 | 26 | 29 |
| Локални самоуправи | 16 (3 во Скопје) | 16 (3 во Скопје) | 26 (10 рурални општини) |
| Центри за социјална работа | 8 | 7 | 12 |
| Канцеларии на Народен правобранител | 5 | 5 | 1 |
| Регионални канцеларии на МОН | 3 | 2 | / |
| Просветен инспекторат | 3 | 4 | / |
| НВОи | 28 | 34 | 49 |
| Локални весници | 7 | 7 | / |
| Локални ТВ | 23 | 18 | / |
| Локални радија | 15 | 13 | / |
| Веб портали | 6 | 5 | / |
| Национални, сателитски ТВ и радија | 15 ТВ (4 национални, 11 сателитски) 3 радија | 15 ТВ (4 национални, 11 сателитски) 3 радија | / |

## Прилог 4 – Детален приказ на демографски податоци за децата вклучени преку фокус групите

| Општина | Број на деца присутни на фокус групи/групни интервјуа | | | Број на присутни деца по пол | | | Број на присутни деца по етничка припадност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основци | Средношколци | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Други | Вкупно |
| Куманово | 75 | 85 | 160 | 70 | 90 | 160 | 119 | 0 | 0 | 21 | 17 | 0 | 3 | 160 |
| Тетово | 85 | 80 | 165 | 77 | 88 | 165 | 36 | 121 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 165 |
| Виница | 156 | 40 | 196 | 110 | 86 | 196 | 182 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 196 |
| Штип | 50 | 69 | 119 | 55 | 64 | 119 | 109 | 0 | 4 | 2 | 0 | 4 | 0 | 119 |
| Гевгелија | 72 | 47 | 119 | 60 | 59 | 119 | 119 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 119 |
| Кавадарци | 86 | 78 | 164 | 83 | 81 | 164 | 164 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 164 |
| Струга | 76 | 72 | 148 | 57 | 91 | 148 | 84 | 58 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 148 |
| Дебар | 84 | 49 | 133 | 69 | 64 | 133 | 6 | 106 | 1 | 15 | 0 | 0 | 5 | 133 |
| Битола | 79 | 85 | 164 | 77 | 87 | 164 | 158 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 164 |
| Прилеп | 77 | 82 | 159 | 77 | 82 | 159 | 148 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 3 | 159 |
| Гостивар | 94 | 71 | 165 | 78 | 87 | 165 | 73 | 90 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 165 |
| Ресен | 78 | 28 | 106 | 43 | 63 | 106 | 77 | 4 | 17 | 7 | 0 | 0 | 1 | 106 |
| Охрид | 84 | 86 | 170 | 87 | 83 | 170 | 133 | 23 | 8 | 2 | 1 | 0 | 3 | 170 |
| Скопје | 221 | 137 | 358 | 183 | 175 | 358 | 284 | 36 | 4 | 17 | 7 | 0 | 10 | 358 |
| | 1317 | 1009 | 2326 | 1126 | 1200 | 2326 | 1692 | 440 | 39 | 99 | 25 | 4 | 27 | 2326 |

## Прилог 5 – Листа на медиуми кои го прекршиле Правилникот за заштита на малолетната публика [6]

| Име на медиумот | Јули 2012 | |
|---|---|---|
| | Вид на концесија (национална/локална)* | Случаи на прекршување на Правилникот |
| МТВ1 | Државно | 3 |
| МТВ2 | Државно | 5 |
| ТРД - Алсат-М | Државно | 3 |
| ТРД - ТВ Сител | Државно | 3 |
| ТРД - ТВ Сител 3 | Државно ниво преку сателит | 1 |
| ТРД - Канал 5 | Државно | 2 |
| ТРД - Наша ТВ | Државно ниво преку сателит | 1 |
| ТВ Телма | Државно | 2 |
| ТРД - ТВ Пинк | / | 4 |
| ТРД – ТВ Сонце | Државно ниво преку сателит | 2 |
| ТРД Скај Нет | Регионално | 3 |
| ТРД ТВ КРТ | Регионално | 1 |
| ТРД ТВ ЕРА | Регионално | 2 |
| ТРД ТВ БТР | Регионално | 1 |
| ТРД ТВ ШУТЕЛ | Регионално | 1 |
| ТРД ТВ А2 | / | 1 |
| Вкупно прекршувања: | | 35 |

6. Анализирани се записниците на Советот за Радиодифузија достапни на официјалната веб страна заклучно со Ноември 2012

# 9. За Коалиција СЕГА

Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации активна во полето на лобирање за промени во младинските политики, посветена кон подржување на младинскиот активизам, подобрување на пристапот до информации и учеството на младите луѓе во активности за решавање на нивните проблеми. Коалиција СЕГА своите активности ги адресира во насока на иницирање и спроведување на законски регулативи со цел подобрување на животот на младите во Република Македонија.

Коалиција СЕГА даде значаен придонес во креирањето на Националната Стратегија за Млади на Р.М. и Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р.М. Во 2009 година подготви Алтернативен извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше презентиран во 2010 година пред Комитетот за Правата на Детето при Обединетите Нации во Женева. Препораките од Алтернативниот извештај беа презентирани пред Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на Република Македонија.

Во 2010 година, СЕГА спроведе национално истражување за Младинските трендови и младинското организирање во Р.М.

Со цел да се зголеми учеството на младите во донесување на одлуки и креирање на политики, Коалиција СЕГА го поддржа процесот на формирање на Совети на млади во 6 општини во Р.М. Во насока на зголемување на информираноста на младите во 2010 година е отворен првиот Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА. Од 2010 година СЕГА започна со активности преку кои се застапува за донесување на закон кој ќе го поддржи младинското организирање и младинското учество во Република Македонија.

Во периодот на 2010 – 2011 година СЕГА креираше Локални Младински Стратегии во 13 општини во Република Македонија. 12 од нив се усвоени на редовни седници на Советите на општините.
Во изминатите две години (2011 – 2012) СЕГА континуирано спроведува мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија и генерира периодични и годишни мониторинг извештаи. Во 20 основни и средни училишта во 10 општини во Македонија СЕГА ја воведе институцијата Дете правобранител. Во истите овие училишта на демократски и фер избори беа избрани претседателите на одделенија / класови и беа формирани училишни / младински организации.
Во своето девет годишното работење СЕГА има изработено голем број на публикации и прирачници и организирано голем број на семинари и обуки за подигнување на свеста за потребата од младинско учество како и застапување и лобирање за младинските потреби.